ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“- Аеродром, Скопје

ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА



Скопје,јануари 2026 година

Преамбула

Полугодишниот извештај за работата на училиштето е документ во кој се сорѓани планираните и реализирани активности во првото полугодие од учебната 2025/2026 година.

Документи врз кои се заснова овој Полугодишниот Извештај се:

- Програмата за работа на училиштето за учебната 2024/2025
- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Под-законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Наставните планови и програми за основно образование
- Концепција за деветгодишно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето 2024/2028 година
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, Извештај од Интегрална евалуација, Извештај од Самоевалуација,, Извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

Во Извештајот се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и содржи факти и информации од аспект на: ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата; ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси и сл.; ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови; ангажирање во реализацијата на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училиштен одбор, одделенски заедници, детска организација, ученички клубови, спортски активности и сл.; ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес; ангажирање во реализацијата на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот; соработка со родителите, соработка со

општината, соработка со бизнис заедницата, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта; ангажирање во реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето; ангажирање на стручните соработници во реализацијата на нивните програми

Содржина

Вовед....8
1.Општи податоци за основното училиште....8
1.1.Табела со општи податоци....8
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште....9
2. Податоци за условите за работа на основното училиште....11
2.1. Мапа на основното училиште....11
2.2. Податоци за училиштниот простор....11
2.3. Простор....12
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“....13
2.5. Податоци за училишната библиотека....18
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година....18
3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште....19
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа....19
3.2. Податоци за раководните лица....27
3.3. Податоци за воспитувачите....28
3.4. Податоци за вработените административни службеници....28
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица....28
3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори....29
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар....29
3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените....30
3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените....30
3.10. Податоци за учениците во основното училиште....31
4. Материјално-финансиско работење на основното училиште....32
5. Мисија и визија....33
6. “LESSONS LEAMED”- Веќе научено/стекнати искуства....33
7. Подрачја на промени, приоритети и цели....35
7.1. План за евалуација на акциските планови....39
8. Програми и организација на работата во основното училиште....40
8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште....40
8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите....42
8.3 Работа во смени....45
8.4 Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата....45
8.5 Проширена програма....45
8.6 Комбинирани паралелки....47
8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште....48
8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение....48
8.9 Изборна настава....49
8.10 Дополнителна настава....53
8.11 Додатна настава....54

8.12 Работа со надарени и талентирани ученици 54
8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби 57
8.14.Туторска поддршка на учениците 59
8.15 План на образовниот медијатор 59
9. Воннаставни активности 59
9.1. Училиштни спортски клубови 59
9.2. Ученички акции 60
10. Ученичко организирање и учество 61
11. Вонучилишни активности 63
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа 63
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности 64
12. Натпревари за учениците 68
13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција 74
14. Проекти што се реализираат во основното училиште 74
15. Поддршка на учениците 75
15.1. Постигнување на учениците 75
15.2. Професионална ориентација на учениците 79
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација 79
16. Оценување 81
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето 81
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка 84
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар 86
16.4. Самоевалуација на училиштето 87
17. Безбедност во училиштето 88
18. Грижа за здравјето 88
18.1. Хигиена во училиштето 89
18.2. Систематски прегледи 89
18.3. Вакцинирање 90
18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата 90
19. Училишна клима 91
19.1. Дисциплина 91
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 91
19.3. Етички кодекси 92
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето 92
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 93
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите 95
20.2. Активности за професионален развој 95
20.3. Личен професионален развој 97
20.4. Хоризонтално учење 98
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 98

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите 99
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето 99
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности 100
21.3. Едукација на родителите/старателите 107
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште 108
24.Заклучок 113
25. Комисија за изработка на Полугодишниот извештај за работа на основното училиште 115

Вовед

Полугодишниот извештај за работа на училиштето е документ кој се изготвува со цел да се согледареализацијата на сите планирани активности со Годишната програма на училиштето и исто така да се испланираат наредните кои треба да се реализираааат во текот на второто полугодие.од учебна 2025/2026. План за работа на училиштето Исто така преку изработка на полугодишниот извештај се согледуваат и добрите страни од релизацијата на наставата во првото полугодие и потребата обезбедува за перманентно подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности и услови со кои се придонесува за целокупниот развој на учениците и севкупниот училишен живот.

1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ„Лазо Ангеловски“
Адреса, место, општина	Булевар „АСНОМ„ бр.192 – Скопје
Телефон	02 2 430 324
Факс	02 2 430 324
Веб-страница	https://oulazoangelovski.edu.mk/
Е-маил	lazoangelovski@yahoo.com
Основано од	Општинско собрание на општина Кисела Вода
Верификација-број на актот	бр.15-6253/1г
Година на изградба	13.09.1988
Тип на градба	/
Внатрешна површина на училиштето (m2)	4752m2
Училиштен двор (m2)	12 604м2
Површина на спортски терени и игралишта	200м2
Начин на загревање на училиштето	централно греење
Училиштето работи во смени	да /2 смени
Број на паралелки	55

Број на комбинирани паралелки	/
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не
Други податоци карактеристични за основното училиште	Училиштето е инклузивно, eTwinning, еко, најдигитално и претприемничко училиште


1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	**3 претставници од училиштето** –Гордана Камческа, Жаклина Колевска и Анета Димовска **3 претставници од Совет на родители** – Марија Тричковска, Јасмина Боримечкоска, Зорица Симиќ **1 претставник од локалната самоуправа** – Бобан Јовановски
Членови на советот на родители (име и презиме)	На почетокот на учебната година на првата родителска средба ќе се делегираат претставниците од паралелка како членови на Совет на родители. Воедно на првата родителска средба ќе се изберат и претставници на Совет на родители од генерација прво одделение.
Стручни активи (видови)	Актив на одделенска настава, група на природна предмети, група на општествени предмети, актив по македонски јазик и на странски јазици, актив по информатика, иновации и техничко образование, актив на ФЗО, ликовно и музичко образование.
Одделенси совети (број на наставници)	Одделенски совет за ● Одделенска настава- 47 наставници ● Предметна настава- 47 наставници

Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)	**Координатор на УИТ:** м-р Душанка Панкова **Членови:** м-р Магдалена Петреска- директор м-р Тина Симиќ Ацковска- специјален едукатор и помошник директор Тања Јосимовска - одделенски наставник Маја Тенев-предметен наставник Аделина Давидовска-психолог Искра Илковска - специјален едукатор Елена Малческа - социјален работник Марија Тричковска- родител
Заедница на паралелката (број на ученици)	24
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	Ученичкиот парламет ќе биде составен од 24 ученици. Секоја паралелка од генерациите од шесто до деветто одделение ќе имаат по еден претставник кои самите го избираат со мнозинство гласови. Претседател на УП ќе се избере по пат на тајно гласање од страна на сите членови на првата официјална средба која ќе се одржи на почетокот на учебната година.
Ученички правобранител	Ученички правобранител ќе се избере со мнозинство гласови од претставниците на Ученичкиот парламент на првата средба на почеток на учебната 2025/26 година.

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште





2.2. Податоци за училиштниот простор

Вкупен број на училишни згради	Три
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	17 356м2
Нето површина	4752м2
Број на спортски терени	1
Број на катови	Два

Број на училници	35
Број на помошни простории	15
Училишна библиотека, медијатека	2
Начин на загревање на училиштето	централно греење

2.3. Простор

Просторија	Вкупен број	Површина (m2)	Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)	Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)
Училници	35	2178 m2	4	Потребно е да се доградат училници.
Кабинети	14	696 m2	4	
Библиотека	1	11,5 m2	5	
Медијатека	/	/	/	
Читална	1	11,5 m2	5	
Спортска сала	2	480 m2	5	
Канцеларии	9	189 m2	4	
Училиштен двор		12.604 m2	4	
Заеднички простор за прослави	1	550 m2	5	
Кујна	1	40 m2	4	
Трпезарија	1	71,5 m2	/	
Друго	/	/	4	

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	Постоечка опрема и наставни средства	Потребна опрема и наставни средства
Македонски (одделенска и предметна настава)	Наставниците ги користат ресурсите од училишната библиотека, учебниците за соодветното одделение, интернет ресурси. едно платно за лцд проектор	Наставниците ги користат ресурсите од училишната библиотека, учебниците за соодветното одделение, интернет ресурси аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта.
Странски јазици	лцд и платно во училницата англиски 1 принтер	звучници флеш карти постери (со вокабулар)
Музичко образование и ликовно (оделенска и предметна настава)	20 мандолини, 2 мандоли 5 гитари, 1 контрабас 1 синтисајзер 5 блог флејти 1 електична гитара 4 радио касетофони 1 грамофон, 2 пијано 1 електрична органа - детски ритмички инструменти, - детски мелодиски инструменти, - жичени инструменти 2 дрвени штафелаи	Училиштето ќе продолжи со континуирана набавка на опрема и нагледни средства со цел осовременување на условите за подобрување воспитно- образовниот процес.
Историја,географија и етика и граѓанско образование	25 историски карти, 1 глобус, 1 лцд проектор и бела табла	Училиштето ќе продолжи со континуирана набавка на опрема и нагледни средства со цел осовременување на воспитно- образовниот процес.
Информатика	19 статични компјутери	Согласно финансискиот план, тековно ќе се

	30 таблети	набавува/дополнува модерна и софистицирана опрема.
Математика (одделенска и предметна)	3 комплети геомтриски прибор (линиар, триаголник, агломер, шестар) 5 комплети геометриски тела 1 ЛЦД проектор, 1 платно	Тековно надополнување на потребните ресурси.
Билогија и природни науки	Модел-на: дигестивен систем, нервен систем, Моделина срце, бели дробови, желудник, заби, око, уво, кожа, мозок, скелетен систем, рбетен систем, модел на цвет, модел на атом, светлоснии и електрични микроскопи , модеваги, амперметри, волтметри, динамометри, електомагнет, лостови , 2 лцд ,2 бели платна ,лабараториски прибор, мантили, очила огноотпорни ракавици, различни видови индикатори, минерали, 6 микроскопи, 10 модели на органи, 50 хистолошки препарати 100 епруветi, 30 мантили, 2 модели на молекули, 30 очила, лабараториски прибор (елермаер, шише, колби, стапчиња, мензури, шпиртни ламби, петриеви садови, заштитни ракавици) едукативни постери ампермeтар, волтметри пехаметри, лупи 2 проектори, 2 платна	Тековно надополнување на потребните ресурси.

Техничко образование (одделенска и предметна)	8 клешти, 5 чекани 5 штрафцигери 6 клешти за електроника 2 продолжни кабли 1 сет за електроника 1 сообраќајна табла 25 микробит, 4 лемило 2 контролен управувачки уред	Тековно надополнување на потребните ресурси.
Физичко и здравствено образование (одделенска и предмента настава)	67 хулахопи, 25 душеци 5 зелени дреса - 8 шорцеви 5 бели дреса - 5 шорцеви 6 сиви дерсови - 7 шорцеви 6 темно зелени - 6 комплети 20 мини душеци -подметачи 4 црвени бели препони 30 мини ракети 10 јажиња за скокање 1 стартен блок 1 шведски сандак 6 ракети за тенис 6 поголеми ѓулиња 2 јарец, 1коњ 13 топки за ракомет 3 отскочни даски 2 големи голови 22 табли за шах 10 дрвени чуњеви 5 мрежи за обрачи 1 гимнастичка греда 4 клупи, 5 баскети 5 пластични чуњеви 1 мрежа за одбојка 1 мрежа за тенис	Тековно надополнување на потребните ресурси.

	4 топки за фудбал 5 топки за одбојка 12пластични обрачи	
Одделенска настава актив прво 4 смарт табли 1 проектор 7 клими актив второ 7 печатачи 1 бела табла со маркер 3 смарт табли 1 ЦД плеер 5 проектори со платно 2 прочистувачи за воздух 4 клима уреди 2 телевизори актив трето 1 смарт табла 1 ЛЦД проектор 1 платно 1 телевизор 3 клими 3 прочистувачи на воздух 1 деск топ компјутер 1 куферче по математика со бројки Тримакс постериза животни,годишни времиња,таблица азбучно кирилично и латинско писмо актив четврто/петто		

1 телевизор 1 принтер 3 смарт табли со проектори 3 проектори со платно 2 карти на Р.Македонија.		
Материјално технички услови 3 графоскопи 15 компјутери асистивна технологија: 1 монитор на допир, 7 тастатури со големи копчиња, 2 тракбол, 2 одвоени кликови, 1 џојстик, принтери 17, клима уреди 32, касетофони 4 фотокопир 2 ,смарт табли вкупно 11 VR очила 5 ЛЦД проектори со платно-6 ЛЦД проектори-4 1 платно за ЛЦД, 3Д принтер		

2.5. Податоци за училишната библиотека

Ред.број	Библиотечен фонд	Количество
1.	Лектири од II до IX одделение	3150
2.	Литература за деца	4370
3.	Македонска историја и култура	200
4.	Македонски јазик и литература	246
5.	Роднокрајна литература	124
6.	Белетристика	1575
7.	Сликовници за деца	550
8.	Атласи, енциклопедии, речници	95
9.	Стручна литература за наставници	1010
10.	Литература на странски јазици	650
Вкупно (книги)		11970
11.	Учебници	18453
Вкупно (книги и учебници)		30423

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	Површина во m^2	Намена
Повторно поставување корпи за селектирање отпад.	/	Унапредување на хигиената во училиштето.
Едукација за енергетска ефикасност и одржливо користење на ресурси.	/	Подобри услови за работа.

Подобрување на материјално технички услови за работа(нагледни средства и помагала/таблети и компјутери, географски карти, слики, постери, спортска опрема и инфраструктура).	/	Подобрување на материјално технички услови за работа.

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

Ред. бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Ментор / совет-ник	Години на стаж
Одделенска настава							
1	Игор Боризовски	1971	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		31 год.
2	Мирјана Смилевска	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		43 год.
3	Екатерина Геговска	1970	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		35 год.
4	Роберта Јордановска	1964	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		39 год.
5	Грозданка Крстевска	1974	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		30 год.
6	Наташа Трајчева	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
7	Душанка Панкова	1965	Професор по одделенска настава	М-р по кадровски менаџмент	наставник по одделенска настава		39 год.

8	Снежана Петреска	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		41 год
9	Билјана Спасовска	1973	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		32 год.
10	Емилија Христова	1969	Проф.по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		32 год.
11	Тања Јосимовска	1969	Професор по одделенска настава	М-р на психолошки науки	наставник по одделенска настава		32 год.
12	Кристина Башовска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
13	Лидија Божиноска	1975	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
14	Марина Нанева	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		19 год.
15	Анета Димовска	1982	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		19 год.
16	Жанета Митровска	1983	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		19 год.
17	Јасмина Мигуловска	1983	Професор по одделенска настава	М-р по менаџмент на човечки ресурси	наставник по одделенска настава		18 год.
18	Славица Стојановска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		21 год.
19	Лилјана Вурмеска	1965	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		37 год.
20	Билјана Колевска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		22 год.
21	Марина Стојчевска	1966	Одделенски наставник	ВСС	наставник по одделенска настава		31 год.
22	Светлана Јосифоска	1968	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		35 год.

23	Марија Митева	1975	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		30 год.
24	Дарко Димковски	1983	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
25	Теодора Шалевска	1984	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		14 год.
26	Гордана Камческа Ѓоревска	1990	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		11 год.
27	Сања Стојановска Дамјановиќ	1986	Професор по одделенска настава	м-р менаџмент во образование	наставник по одделенска настава		15 год.
28	Весна Мирческа	1983	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		13 год.
29	Елена Гашевска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
30	Адела Биќиќ Јанковска	1989	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		9 год.
31	Билјана Кузевска	1978	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		21 год.
32	Емилија Сарафилоска	1979	Професор по оддленска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		8 год.
33	Весна Стрезоска	1983	Професор по одделенска настава	М-р	наставник по одделенска настава		23 год.
34	Петранка Крстева	1975	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
35	Христина Божиновска	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		8 год.
36	Зорица Божинов	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		23 год.
37	Лидија Шкуртевска	1965	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		30 год.
38	Александра Пејковска	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		11 год.

39	Тамара Тодоровска	1993	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		9 год.
40	Данче Димовска	1983	Професор по одделенска настава	м-р Менаџмент во образование	наставник по одделенска настава		15 год.
41	Ана Додевска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		21 год.
42	Стефанија Додевска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		6 год.
43	Јадранка Дракуловска	1982	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		18 год.
44	Шекеринка Спасова	1989	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		15 год.
45	Пепи Спировска - Христова	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		3 год.
46	Јана Крстева	1999	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		3 год.
47	Наташа Јакимовска	1986	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
			Предметна настава				
1	Радмила Гиговска	1965	Професор по математика/информ а тика	ВСС	наставник по математика		32 год.
2	Мимоза Илиевска	1963	Професор по историја	ВСС	наставник по историја		32 год.
3	Златика Јолеска Даскалов	1969	Професор по производно-техничко образование	ВСС	наставник по техничко образование		30 год.
4	Валентина Петрова	1967	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		34 год.

5	Марина Кујунџиева	1970	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		33 год.
6	Жаклина Колевска	1964	Професор по физика/хемија	ВСС	наставник по физика		32 год.
7	Мирослава Павлова - Аневска	1973	Дипломиран филолог по македонски и англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		28 год.
8	Бојан Стојковски	1979	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		1,5 год.
9	Благица Ангеловска	1984	Дипломиран филолог	М-р по македонистика со комуникологија	наставник по македонски јазик		15 год.
10	Костадинка Поповска	1965	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		36 год.
11	Вангелица Поповска	1966	Професор по математика/физика	ВСС	наставник по математика		35 год.
12	Жаклина Трајковска	1969	Професор по хемија	ВСС	наставник по хемија		26 год.
13	Анета Талеска	1981	Професор по германски јазик	ВСС	наставник по германски јазик		20 год.
14	Весна Анѓелевска	1967	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		19 год.
15	Емица Здравев	1984	Професор по англиски јазик	м-р по англиски јазик	наставник по англиски јазик		18 год.
16	Петар Ацески	1984	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по ФЗО		19 год.
17							15 год.

18	Марина Блажевска	1987	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		5 год.
19	Оливера Доновски	1985	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		16 год.
20	Маја Стојановска	1976	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		16 год.
21	Весна Јорданова	1966	Професор по биологија	ВСС	наставник по биологија		30 год.
22	Маја Тенев	1983	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		16 год.
23	Ане Аврамовска	1982	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		15 год.
24	Лолита Трајковска	1968	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		17 год.
25	Ѓорѓе Ќириќ	1992	Дипломиран музичар теоретичар,педагог	ВСС	наставник по музичко образование		7 год.
26	Валентина Јањиќ	1967	Дипломиран социолог	ВСС	наставник по граѓанско образование		24 год.
27	Бојан Петковски	1988	Дипломиран економист	ВСС	наставник по иновации		12 год.
28	Димитар Кратовалиев	1982	Дипломиран музичар теоретичар,педагог	ВСС	наставник по музичко образование		8 год.
29	Моника Петревска	1996	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		7 год.
30	Марјан Куцулоски	1980	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		18 год.
31	Донка Митева	1985	Професор по биологија	ВСС	наставник по биологија		10 год.

32	Далибор Савески	1984	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		11 год.
33	Марио Петрушевски	1975	Професор по физичко воспитание	ВСС	наставник по физичко и здравствено образовани		1 год.
34	Сандра Ноневска	1992	Професор по физичко и здравствено образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		11 год.
35	Даниела Давковска	1986	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		14 год.
36	Христијан Билински	1986	Професор по филозофија	ВСС	наставник по етика и граѓанско обр.		14 год.
37	Душица Мангутова	1981	Професор по македонски јазик и книжевност	ВСС	наставник по македонски јазик		6 год.
38	Фросина Поп-Ѓорѓиева	1989	Професор по ликовно образование	ВСС	наставник по ликовно образование		7 год.
39	Слаѓана Крстевска	1985	Професор по француски јазик и книжевност	ВСС	наставник по француски јазик		16 год.
40		1995		ВСС	наставник по природни науки/биологија		год.
41	Ивана Ракиќ	1988	Професор по физичко образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		9 год.

42	Андреј Стефановски	2001	Дипломиран инжинер по информатички науки и компјутерско	ВСС	наставник по информатика		5 год.
43	Кристијан Шумковски	1983	Професор по физичко образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		7 год
44	Бошко Кентер	1983	Професор по физичко образование		наставник по физичко и здравствено образование		6 год
45	Ивана Ничевска	1990	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		8 год
46.	Вики Станковска	1991	Професор по англиски јазик и книжевност	ВСС	наставник по англиски јазик		11 год
47	Павле Јанакиевски	1984	Професор по историја	м-р по Историски науки	наставник по историја		10 год
Стручни соработници							
1	Иванка Николова	1965	Дипломиран социолог	ВСС	социолог		33 год
2	Јасмина Ѓуроска	1980	Дипломиран педагог	м-р по менаџмент на човечки ресурси	педагог		17 год.
3	Аделина Давидовска	1984	Дипломиран психолог	ВСС	психолог		13 год.
4.	Елена Малческа	1985	Дипломиран социјален работник	м-р по Економски науки во областа на претприемни-	социјален работник		16 год

				штвото			
5	Магдалена Огненоска Јосева	1995	Дипломиран социјален работник	м-р по менаџмент на човечки ресурси	социјален работник		6 год.
6	Искра Илковска	1999	Дипломиран специјален едукатор и рехабилатор	ВСС	дефектолог		4 год.
7	Душица Мангутова	1981	Дипломиран професор по македонски јазик	ВСС	библиотекар		6 год
8	Тони Димов	1965	Дипломиран професор по одделенска настава	м-р по Менаџмент во образованието	библиотекар		42 год

3.2. Податоци за раководните лица

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор / совет-ник	Години на стаж
1	Магдалена Петреска	1981	Професор по одделенска настава	м-р по менаџмент на човечки ресурси	директор		20 год.
2	Тина Симиќ-Ацковска*	1985	Дипломиран дефектолог	м-р по интелектуална попреченост и аутизам	помошник директор (дефектолог)*		17 год.

*Оваа работна позиција ќе ја обавува досегашниот дефектолог како стручен соработник и како помошник директор, а за половина од работното време е вработен друг стручен соработник дефектолог.

3.3. Податоци за воспитувачите

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
/	/	/	/	/	/	/	/

3.4. Податоци за вработените административни службеници

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Силвана Давчевска	1969	Дипломиран економист	ВСС	секретар	31 год.
2	Андријана Велковски	1988	дипломиран правник	ВСС	сметководител	8 год.

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Зоран Величковски	1963	монтер	ССС	хаус-мајстор	41 год.
2	Лила Цветковска	1964	козметички техничар	ССС	домаќин	25 год.
3	Бети Угриноска	1973	ССС	ССС	хигиеничар	19 год.
4	Ленче Величковска	1967	продавач	ССС	хигиеничар	36 год.
5	Сузана Маринковска	1967	технички секретар биротехничар	ССС	хигиеничар	18 год.
6	Вијолета Пајовиќ Јанеска	1986	дипломиран социјален работник	ВСС	хигиеничар	13 год.
7	ФросинаМ.Саздовска	1977	продавач	ССС	хигиеничар	17 год.
8	Слаѓана Аџеска	1978	ССС	ССС	хигиеничар	18 год.
9	Верица Анѓелковска	1971	дипломиран инж. - дрвна индустрија	ВСС	хигиеничар	14 год.
10	Даниела Бошковска	1974	аранжер во трговија	ССС	хигиеничар	12 год.
11	Валентина Цветковска	1964	правен техничар	ССС	хигиеничар	24 год.
12	Звезданка Дамчевска	1965	продавач	ССС	хигиеничар	26 год.
13	Весна Саздова	1970	правен техничар	ССС	хигиеничар	2год.

14	Даниела Арсова	1971	економски техничар	ССС	хигиеничар	6 год.
15	Даниела Ангеловска	1967	културолошки техничар	ССС	хигиеничар	14 год.
16	Златко Стојановски	1978	помошник книгоподвржувач	ССС	чувар	17 год.
17	Сашко Митев	1966	готвач	ССС	чувар	32 год.
18	Жаклина Змејкова	1981	хемиски техничар	ССС	чувар	6 год.
19	Сашо Грковски	1970	основно образование	ОО	чувар	18 год.

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Ред бр.	Име и презиме на образовниот медијатор	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Години на стаж	Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор
/	/	/	/	/	/	/

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	вкупно	Етничка и полова структура на вработените											
		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	125	19	101	/	/	/	/	/	3	/	/	1	1
Број на наставен кадар	94	13	78	/	/	/	/	/	1	/	/	1	1
Број на воспитувачи	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Број на стручни соработници	8	1	7	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Администра-тивни работници	2	/	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошно-технички кадар	19	5	12	/	/	/	/	/	2	/	/	/	/
Директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошник директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Последипломски студии-втор циклус	16
Високо образование	92
Виша стручна спрема	/
Средно образование	17
Основно образование	/

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	5
31-40	35
41-50	44
51-60	36
61 - пензија	5

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Одделение	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		Други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	6	141	78	62	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1
II	5	145	68	72	0	0	0	0	3	0	1	2	1	0
III	6	154	80	72	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4
I-III	**17**	**440**	**226**	**206**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3**	**0**	**1**	**2**	**1**	**5**
IV	7	174	89	86	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
V	7	199	99	97	0	0	0	0	1	0	1	0	1	0
IV-V	**14**	**373**	**188**	**183**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1**	**0**	**1**	**0**	**1**	**0**
VI	6	176	89	85	0	0	0	1	1	0	0	1	1	3
VII	6	176	97	79	0	1	0	0	0	0	3	0	0	0
VI-VII	**12**	**352**	**186**	**164**	**0**	**1**	**0**	**1**	**1**	**0**	**3**	**1**	**1**	**3**
VIII	6	166	97	68	0	0	0	0	0	0	0	0	2	0
IX	6	158	87	71	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
VIII-IX	**12**	**324**	**184**	**139**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2**	**0**
VI – IX	**24**	**676**	**370**	**303**	**0**	**1**	**0**	**1**	**1**	**0**	**3**	**1**	**3**	**3**
I – IX	**55**	**1489**	**784**	**692**	**0**	**1**	**0**	**1**	**5**	**0**	**5**	**3**	**5**	**8**

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Во однос на материјално-финансиско работење во нашето училиште се почитуваше и применуваше законската регулатива. Според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за основно образование и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, во согласност со утврдените стандарди и нормативи, училиштето преку општината добиваше средства/блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија. Тие средства беа наменети за реализација на воспитно-образовниот процес. Општината може да ги дополни средствата од сопствени извори, но и училиштето може да обезбеди средства и од други извори кои наменски ќе бидат искористени.

Дополнителни финансиски средства се обезбедуваа со изнајмување на училишен простор, обезбедување спонзорство или донации. Контролата на трошење на тие средства непосредно ја врши трезорот на Народна Банка на Република Северна Македонија, Локалната самоуправа, Училишниот одбор и Директорот.

Се спроведуваа постапки кои се во согласност со законските норми. Училиштето ги информираше органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на истиот на редовни состаноци на Училишниот одбор, Наставнички совет и Советот на родители. Одговорните лица преку одлуките што ги носеа обезбедуваа економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства, а финансиските средства се распределуваа според потребите и приоритетите во училиштето. На почетокот на учебната година се направи анализа на потребите на вработените (материјални средства, обуки и сл.) и потребите за тековно одржување на објектот, па согласно тие потреби и приоритетите се правеше распределба на средствата. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Буџетот се користеше за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Се водеше транспарентна евиденција и контрола на приходите и расходите, со цел ефикасно и домаќинско работење во интерес на учениците и наставниот кадар.

5. Мисија и визија

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште да биде лидер и иновативно-модел училиште.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште е средина која нуди поддршка на индивидуалниот развој на учениците и професионален развој на наставниците што заедно резултира со ефективен и квалитетен воспитно-образовен процес.

6. “LESSONS LEAMED”- Веќе научено/стекнати искуства

Многу е важно во училиштето да создадеме средина и атмосфера каде што учениците ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во наставникот/наставничката и во своите соученици. Преку користење на различни методи со кои им пренесовме знаење на учениците, ги вклучивме во донесувањето на правилата на однесување, ги поттикнаваме да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Во својата воспитно-образована работа и постигањата на училиштето постојано ги користевме анализите од работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето, искуствата и поуките од работата во изминатите учебни години. На учениците им обезбедивме средина за учење што нуди најразлични доживувања, со што им помогнавме да се развие социјалното, интелектуалното, физичкото и емоционалното учење, соодветно на нивната возраст и степен на развој.

Работвме да создадеме:

- Средина за учење која ќе се базира на заемна почит и демократски принципи;
- Услови секој ученик да стекне научни, уметнички, етички и практични способности, за да учествува успешно во 21-век;
- Услови за развој и продолжување на досегашната добра практика.

Организирањето на современа интерактивна настава, следење и оценување на учениците, избор на форми и методи на работа и ИКТ содржини и ИКТ- алатки за работа води кон унапредување и надоградување на наставниот процес и осовременување на наставата. Оваа година продолживме да организираме обуки, работилници за наставниците за зајакнување и унапредување на нивните компетенции.

Организиравме интерн обука за идентификување на индивидуалните потреби за стручно усовршување и планирање на личниот професионален развој, изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој,обуки од секаков облик поврзани со воспитно-образовниот процес, обезбедивме присуство на семинари (во училиштето и надвор од него).Се организираа работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците од секојдневното работење со учениците, планирање на задолжителна дисеминација, задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде произлегуваат и наредните облици на професионален развој.

Главен акцент ова полгодие се постави на следење на обуките акредитирани од БРО и МОН, но исто така и нивната имплементација. Исто така се реализираше и размена на професионално искуство преку одржување интерни обуки од Тимовите во училиштето како и интеграција на повеке предмети. Ефектот од овие видови на професионален развој се следеше од страна на стручната и раковидната служба на училиштето. Сите тимови заедно со раководната и стручната служба во училиштето обезбедија низа обуки, консултации, работилници и дисеминации во насока на професионалниот развој.

Во училиштето и понатаму продолживме со едукација за еколошко образование и интегрирање на што повеќе еко содржини во наставните и воннаставните активности, се со цел создавање на свест за чиста околина, здрав живот и здрави генерации.

Исто така, искуствата ни говорат дека како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитна - образована дејност во училиштето се добра анализа и дијагностика, добро планирање, навременост во реализацијата, обезбедување на соодветни услови и материјали, споделени и детерминирани одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата.

Ќе продолжиме да ја унапредуваме тимската работа во училиштето, бидејќи досега даваше одлични резултати.

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Приоритетно подрачје на промени	1.**Примена на современи наставни стратегии, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на настава.**

Цел:

Идентификација на потребите на наставниците за стекнување знаења и вештини за примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење.

Во врска со ова подрачје од приоритетот по формирањето на тимот за Професионален развој на училиштето се спроведе анкета помеѓу наставниците за нивните потреби за обука од областа на професионален развој.Врз основа на анализата се одлука за новите наставници Тимот да реализира обука на тема Примана на на современи наставни стратегии, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на настава.
Обуката се одржа за време на зимскиот распуст .На 14.01.2026 година, членовите на Тимот за професионален развој – Тања Јосимовска, Марија Митева, Мирослава Павлова Аневска, Билјана Колевска и Златика Јолеска Даскалов – одржаа обука за наставници насловена „Современи форми, методи и техники за поучување“.

За време на обуката беше демонстрирано како наставата може да се реализира на интересен и забавен начин, кој им овозможува на учениците развивање на критичко размислување, поттикнување на тимската работа, полесно усвојување на новите содржини и нивно поврзување со претходните знаења.

Во рамки на обуката се водеше конструктивна дискусија за придобивките од примената на разновидни наставни техники и за начинот на нивна соодветна и ефективна употреба во процесот на поучување.

2 **Начини на превенција и справување со насилно однесување во училиште.**

Цел:Превенција на насилство и успешно справување со насилно оденсување
Во рамки на серијата интерни обуки реализирани во нашето училиште во изминатиот период, беше одржана обука за наставниот кадар на тема „Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“, реализирана од

страна на училишниот психолог Аделина Давидовска.
За време на обуката беа обработени теми поврзани со дефинирањето и видовите насилство, карактеристиките во однесувањето на учениците – жртви, насилници и другите инволвирани учесници, како и улогата на училиштето и наставниците во превенцијата и соодветното справување со насилството.
Обуката придонесе кон зајакнување на знаењата и професионалните компетенции на наставниот кадар, со цел создавање побезбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина за сите ученици.

Приоритетно подрачје на промени	**2.Обука на наставниците за инклузивност и изработка на ИОП;**

Цел

Идентификација на потребите на наставниците за изработка на квалитетн ИОП

Целта на оваа обука е да се идентификуваат наставниците кои работата со деца со ПОП и согласно Законот за оние кои има потреба да се изготви квалитетен ИОП.Откако е изготвен регистар на ученици со ПОП и идентивикувани се наставниците кои имаат потреба од обука за изработка на квалитеттен ИОП во нашето училиште беше одржана обука на тема „Инклузивно образование и изработка на индивидуален образовен план (ИОП)“, наменета за одделенски и предметни наставници

Обуката ја реализираше училишниот дефектолог Искра Груевска, при што беа опфатени теми поврзани со:

- ✓ инклузивниот пристап во наставата
- ✓ поддршката на ученици со различни образовни потреби
- ✓ практични наставни стратегии

✔ чекорите и значењето на изработката на ИОП

Преку теоретски осврт и практични примери, наставниците добија корисни насоки за унапредување на инклузивната практика и создавање поддржувачка средина за секој ученик

Сите наставници земаа активното учество, соработка и интерес, како и посветеност во градењето инклузивно училиште.

„Комуникација и соработка со родителите“

Цел: Јакнење на соработката со родиетлите

Во интерес на јакнење на професионалниот развоја на наставнииот кадар во нашето училиште беше реализирана интерна обука во организација и реализација на стручните соработници м-р Магдалена Огненоска Јосева и м-р Елена Малческа на тема „Комуникација и соработка со родителите“.
За време на обуката се дискутираше за значењето на соработката меѓу училиштето и родителите како клучен фактор за успешен воспитно-образовен процес.
Посебен акцент беше ставен на целите на ефективната комуникација, различните форми на комуникација со родителите, како и принципите на успешна и конструктивна комуникација.
Во рамки на дискусијата беа разгледани улогата на наставникот и улогата на родителот во градењето партнерски односи, предизвиците со кои се соочуваме во комуникацијата и можните начини за нивно надминување.
Исто така, беа истакнати бројните придобивки од успешната соработка меѓу училиштето и семејството, со цел подобрување на целокупниот развој и напредок на учениците.

Приоритетно подрачје на промени	Обновување на училишниот инвентар (клупи и столови)

Цел

Утврдување на моменталната состојба на училиштето.

По анализата на состојбата со училишниот инвентар, планирани се средства за набавка на потребните материјали.

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година набавени се за потребите на наставничката канцеларија 36 нови канцелариски столови. Со нивна набавка се разубави ентериерот на канцеларијата и се надополнија потребите за пријатна работна атмосфера.

Исто така за потребите на училишниот двор ова полугодие набавена е нова косилка за трева со која се обезбедува полесно и поуспешно хортикултурно одржување на училишниот двор.

За потребите на јавни и културни настани за училиштето е набавена и нова Говорница.

Во училиштето како донација поставена е една клима, еден проектор и три прочистувачи на воздух.

За време на зимскиот распуст комплетно беше обновена канализационата мрежа во тоалетот во фискултурната сала.Со овој зафат се реши проблемот со затнување на канализацијата во тој дел , проблем кој постоеше скоро од самото постоење на училиштето. Исто така исфарбани и обновени се соблекувалните со што учениците добија пријатен и чист простор за подготовка на часот по ФЗО.

7.1. План за евалуација на акциските планови

Задача	Критериум за успех	Инструменти	Индикатор за успешност	Одговорен за следење	Повратна информација
Примена на современи наставни стратегии, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на настава.	Обучен кадар, поквалитетна настава, подобар успех кај учениците, поголема мотивираност за работа	Спроведување на современи стратегии, форми и методи	Поголема мотивација на учениците за постигање на солидни знаења.	Директор, помошник директор, стручни соработници, тим за оценување	-Записници од реализирани активности -Извештаи од работата на тимот за оценување
Обука на наставниците за инклузивност и изработка на ИОП за нововработениот наставен кадар.	Подобрување на постигањата. Подобра соработка меѓу наставниците, родителите и учениците.	Инструменти за следење на напредокот на учениците	Постигнати повисоки резултати. Зголемена мотивација кај учениците.	Директор, помошник директор, стручни соработници.	-Записници од реализирани активности. -Извештаи од работата на тимот за оценување и УИТ.
Обновување на училишниот инвентар (клупи и столови).	Подобрување на условите и квалитетот на наставата.	Договори за набавка Изготвени пресметки за изведба на активности.	Подобрување на материјалните и техничките услови за работа.	Директор, помошник директор, стручни соработници Наставници.	Договор за соработка и обезбедување на средства за изведба на активноста, извештај за реализирање на активноста.

8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Неработни денови во 2025 година

За сите граѓани на РМ

- 8 Септември (понеделник), Ден на независноста,
- 11 Октомври (сабота), Ден на народното востание,
- 23 Октомври (четврток), Ден на Македонската револуционерна борба
- 8 декември (понеделник), “Св. Климент Охридски”.

За граѓаните од католичка вероисповед

- 01 ноември (сабота), Празникот на сите светци,
- 25 декември (четврток), првиот ден на Божиќ.

За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ

- 22 ноември (сабота), Ден на Албанската азбука

Неработни денови во 2026 година

За сите граѓани на РСМ

- 01 јануари, Нова Година (четврток)
- 07 јануари Божик (среда)
- 19 јануари, Богојавление (понеделник)
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам 21.3.2026 (сабота)
- Велигден, вториот ден на Велигден (петок 10.04.и понеделник 13.4)
- 01 Мај, Ден на Трудот (петок)
- 25 мај (понеделник), „Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители
- 03 Август (понеделник), Ден на Републиката

За граѓаните од православна вероисповед

- 06 јануари Бадник, ден пред Божиќ (вторник)
- 28 август, Успение на Пресвета Богородица - Голема Богородица (петок)
- Работни - ненаставни денови со посебна програма
- 1 ноември- патронен празник

Работните денови кога се изведуваат ученички екскурзии, Патрониот празник (1 ноември) се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. Одбележувањето на значајните датуми се реализираа со читање реферати и соопштенија, уредување на училишниот хол, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности во училиштето и локалната средина.

Еколошки календар

16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година	

8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Предмет	Име и презиме	Одделение	изборен предмет	неделен фонд на часови
Македонски јазик	Валентина Петрова	**IX 4,5 VI6**		12+1
	Маја Стојановска	**VIII1,2,3,4,5**		20+1
	Костадинка Поповска	**VII1,2,3,4,5**		20+1
	Весна Ангелевска	**VI1,2,3,4,5**		20+1
	Благица Ангеловска	**IX1,2,3,6 VII6**		20+1
	Душица Мангутова	**VIII6**		4
Математика	Ана Донева	**VII1,2,6 VI5,6**		20+1
	Моника Петревска	**VII4,5 IX1,2,3**		20 +1
	Радмила Гиговска	**IX,4,5,6 VIII5.6**		20+1
	Вангелица Поповска	**VI1,2,3,4**		20
	Лолита Трајковска	**VIII1,2,3,4 VII3**		20+1
Англиски јазик	Марија Томевска	**VIII1-6 I 2**		22
	Мирослава П. Аневска	**VII1-6 I 1**		20+1
	Оливера Доновски	**IX1-6 I 5,6**		22
	Марина Блажевска	**IV 1,2,3,4,5,6,7,**		21
	Маја Тенев	**III1-6 II1,5**		22
	Емица Здравев	**V1,2,3,4,5,6,7**		21
	Ивана Ничевска	**VI1-6 I 3,4**		22+1
Француски јазик	Слаѓана Крстевска	**VI2,5,6 VII3,4,5 VIII1,2,3 IX2,4,6**		24+1
Германски јазик	Анета Талеска	**VI1,3,4 VII1,2,6 VIII,4,5,6 IX1,3,5**		24+1
Ликовно образование	Горан Стаменков	**VI1,2,3,4,5,6 VII 1,2,3,4,5,6 VIII 1,2,3,4,5,6**		24+1

		IX ^{1,2,3,4,5,6}		
Музичко образование	Димитар Кратовалиев	**VII** ^{1,2,3,4,5,6} **VIII** ^{1,2,3,4,5,6} Хор 3 часа	VIII-4,5,6 Музички жанрови VIII-2,3	15+6 =21
	Ѓорѓе Ќириќ	**VI** ^{1,2,3,4,5,6} **IX** ^{1,2,3,4,5,6} Оркестар 3 часа	IX 4,5,6,проекти од музичка уметност	15+6=23+ +1
Природни науки и биологија	Весна Јорданова	**VI**$^{1-6}$**, IX**^{,4,5,6}		24+1
	Мартина Неделковска	**V**^{3,4,5,6,7} , **VIII**$^{1-6}$		22 +1
	Донка Митева	**VII**$^{1-6}$**, V1,2, IX 1,2,3,**		22+1
Техничкообразование	Златика Ј. Даскалов	**V**$^{1-7}$ **VI**^{1,2,3,4,5,6}	фотографија VI3 / 6	22+1
Информатика	Андреј Стефановски	**VI**^{1,2,3,4,5,6,} **VII**$^{1-6}$	фотографија VI 1 2 /5,4	22+1
География	Марина Кујунџиева	**VII**^{1,2,3,4,5,6,} **IX 1,4,6,**	VII4/VII1 Заштита на животна средина	20+1
	Ане Аврамовска	**IX**$^{-,2,3,5}$ **VIII**$^{-1,2,3,4,5,6,}$	Нашата татковина IX1 VIII-^{1,2,3} прво полугодие VIII-^{4,5,6} второ полугодие	20+1=22
	Бојан Стојковски	**VI** $^{- 1,2,3,45,6}$	**VI**,4,5,6,Справување со природни катастрофи **VII** 5,6 /VII2 Заштита	22

			на животна средина **VIII**1,2,3, Планинарење	
Историја	Павле Јанакиевски	**VI**$^{-1,2,3,4,5,6,}$ **IX**$^{-1,2,3,4,5,6}$		24+1
	Мимоза Илиевска	**VII**$^{-1,2,3,4,5,6,}$ **VIII**$^{-1,2,3,4,5,6}$		24
Граѓанско образование	Христијан Билински	**VII**$^{-1,2,3,4,5,6}$		6
Морал и етички вредности	Сузана Трајкова		VI-^{4,5,6},прво полугодие VI -$^{1.2.3}$.второ поллугодие	6
Граѓанско образование	Валентина Јањиќ	**VIII**$^{-1,2,3,4,5,6}$ **IX**$^{-1,2,3,4,5,6}$		12
Физика	Жаклина Колевска	**VIII**$^{1-6}$, **IX**$^{1-6}$		24+1
физика	Давид Ангелковски	**VII**$^{-1,2,3,4,5,6}$		6
Хемија	Жаклина Трајковска	**VIII**$^{1-6}$, **IX**$^{1-6}$		24
Хемија	Анета А	**VII**^{1,2,3,4,5,6}		6
Иновации	Бојан Петковски	**IX** ^{1,2,3,4,5,6,}		6
Физичко и здравствено образование	Петар Ацески	**VI**^{1,2,3,4,5,6,},	IX3 изборен спорт	20+1
	Марјан Куцулоски	**IX**$^{-1,2,3,4,5,6}$	IX2 изборен спорт	20 +1
	Марио Петрушевски	**V-**^{1,2,3,4,5,6,7}		21

	Сандра Ноневска	**II-1,2,3,4,5 , III-1,2,6**		24
	Ивана Ракиќ	**I 1,2,3,4,5,6 III-3,**		21
	Далибор Савевски	**IV--1,2,3,4,5,6,7**		21
	Кристијан Шумковски	**VIII-1,2,3,4,5,6 III-4**		21
	Бошко Кентер	**VII--1,2,3,4,5,6 III-5**		21

8.3 Работа во смени

Училиштето работи во две смени:

- Прва смена 07:30-12:50
- Втора смена 13:15-18:35

8.4 Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик	Босански јазик
Број на паралелки	55	/	/	/	/
Број на ученици	1489	/	/	/	/
Број на наставници	94	/	/	/	/

8.5 Проширена програма

Проширената програма во основните училишта во Република Северна Македонија, особено за учениците од прво до трето одделение, е важен сегмент од воспитно-образовниот процес.

Истата се реализираше преку посебна програма со која се планираше организирано прифаќање и згрижување на учениците еден час пред и еден час по завршување на редовната настава од продолжен престој, која

значително придонесе за развојот на учениците, нудејќи им дополнителна поддршка, нови вештини и креативни искуства надвор од традиционалната наставна програма

Цели на проширената програма

Основните цели на проширената програма за учениците се:

-Безбедност и надзор: Обезбедување безбедна и структурирана средина за учениците надвор од редовните наставни часови, особено за оние чии родители работат со подолго работно време.

-Академска поддршка: Нудење можности за помош при домашни задачи, дополнително вежбање и зајакнување на академските вештини.

-Развој на социјални и емоционални вештини: Поттикнување на интеракцијата помеѓу учениците преку заеднички активности, со што се развиваат комуникациски вештини, соработка и емпатија.

-Развивање на интереси и таленти: Овозможување на учениците да се вклучат во различни воннаставни активности кои ги истражуваат нивните интереси и таленти (спорт, уметност, музика, наука, технологија).

-Намалување на стресот и зголемување на благосостојбата: Обезбедување баланс помеѓу учењето и рекреацијата, што придонесува за ментална и физичка благосостојба на децата.

-Поддршка за родителите: Олеснување на обврските на родителите преку организирана грижа за децата пред и по училиште.

Училиштето организираше за учениците од прво, второ, трето одделение продолжен престој за ученици од иста паралелка. Наставници во продолжен престој се:

Одделение	Наставник
I-1	Марија Митева Наташа Јакимовска
I-2	Кристина Башовска Петранка Крстева
I-3	Весна Мирчевска Грозданка Крстевска
I-4	Наташа Трајчева Јана Крстевска

I-5	Игор Боризовски Билјана Кузевска
I-6	Теодора Шалевска Стефанија Додевска
II-1	Билјана Колевска Шеќеринка Спасова
II-2	Мирјана Смилевска Пепи Христова Спировска
II-3	Марина Стојчевска Ана Додевска
II-4	Славица Стојановска Адела Бикиќ Јанковска
II-5	Снежана Петревска Зорица Божинов
III-1	Јасмина Мигуловска Лидија Божиновска
III-2	Весна Стрезоска Анета Димовска
III-3	Данче Димовска Емилија Христова
III-4	Екатерина Геговска Светлана Јосифоска
III-5	Лилјана Вурмеска Жанета Митровска
Дневен престој	/
Вк.	**32 наставници**

8.6 Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазик	Број на паралелки	Број на ученици
Англиски јазик	55	1489
Германски јазик	12	320
Француски јазик	12	355

8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Тандем наставници за реализација на наставата по физичко и здравствено образование	
Наставник по физичко издравствено образование	Одделенски наставници
Ивана Ракиќ	Марија Митева ,Наташа Јакимовска I-1 Петранка Крстевска,Кристина Башовска I-2, Весна Мирчевска Грозданак Крстевска I-3 Наташа Тарајчева Јана Крстевска I-4 Игор Боризовски,Билјана Кузевска I-5 Теодора Шалевска Стефанија Додевска I-6, Екатерина Геговска, Светлана Јосифоска III-3
Сандра Нонеска	Шеќеринка Спасова, Билјана Колевска II-1, Зорица Божинов, Снежана Петревска II-5, Лидија Божиновска,јаснина Мигуловска III-1 Весна Стрезовска,Анета Димовска III-2 Лидија Шкуртевска III-6 Мирјана Смилевска, Пепи-Спировска Христова II-2, Ана Додевска, Марина Стојчевска II-3, Славица Стојановска, Адела Бикиќ Јанковска II-4
Кристијан Шумковски	Данче Димовска, Емилија Христова III-4
Далибор Савески	Тања Јосимовска IV-1, Христина Божиновска IV-2, Роберта Јорданова IV-3, Дарко Димковски IV-4, Наташа Јакимовска IV -5

	Јадранка Дракуловска IV-6 Билјана Спасовска IV-7
Марио Петрушевски	Емилија Сарафилоска V1, Гордана Камческа Ѓореска V2, Сања Стојановска Дамјановиќ V3, Александра Пејковска V4, Марина Нанева V5, Тамара Тодоровска V6, Душанка Панкова V-7
Бошко Кентер	Лилјана Вурмеска,Жанета Митровска III-5

8.9 Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета. Подготовката за избор на изборен предмет се одвива во повеќе етапи односно:

На крајот на учебната 2024/2025 година се спроведоа анкети кај учениците за избор на изборните предмети кои ќе ги изучуваат во учебната 2025/2026 год.

Од спроведените анкети и од добиените резултати во учебната 2025/2026 година се изучуваат следните изборни предмети:

- **Фотографирање 6 одд,**
- **Справување со природни катастрофи 6 одд.**
- **Заштита на животната средина 7одд.**
- **Морал и етички вредности 7 одд**

- **Нашата татковина 7одд.**
- **Музички жанрови 8 одд.**
- **Планинарење 8 одд.**
- **Проекти од музичката уметност 9 одд.**
- **Нашата татковина 9 одд**
  Проекти од музичка уметност 9 одд,

Наставник	**Предмет**	**Одделение**					
Одделенските наставници	Еколошко образование/	IV-1,2,3,4,5,6,7 прво полугодие					
Одделенските наставници	Моделарство, креативни идеи,направи сам		IV-1,2,3,4,5,6 второ полугодие				
Одделенските наставници	Градинарство /хортикултура		V-1,2,3,4,5,6,7 прво полугодие				
Одделенските наставници	Цртање ,сликање и вајарство		V-1,2,3,4,5,6 второ полугодие				

Бојан Стојковски	Справување со природни катастрофи			VI-4,5,6 прво полугодие VI1.2.3 ·второ полугодие			
Златика Јолеска Даскалов	Фотографија			VI-3 прво полугодие VI-6 второ полугодие			
Андреј Стефановски	фотографија			VI1,VI2 прво полугодие VI/4 , VI /5 второ полугодие			
Сузана Трајковска	Морал и етички вредности				VII-1,2,3, прво полугодие VII-4,5,6 второ полугодие		
Марина Кујунџиева	Заштита на животна средина				VII-4,прво полугодие VII-1,второ полугодие		

Бојан Стојковски	Заштита на животната средина				VII^{5,6} - прво полугодие VII-^{2,3} второ полугодие		
Ане Аврамовска	Нашата татковина					VIII-^{1,2,3} прво полугодие VIII-^{4,5,6} второ полугодие	IX1 Нашата татковина цела година
Димитар Кратовалиев	Музички жанрови					VIII4,VIII5,VIII6- прво полугодие VIII1,VIII2,VIII3 второ полугодие	
Бојан Стојковски	Планинарење					VIII-^{4,5,6} прво полугодие VIII-^{1,2,3} второ полугодие	

Ѓорѓе Ќириќ	Проекти од музичка уметност						IX/4.IX/5,IX/6 цела година
Петар Ацески	изборен спорт						IX-3 цела година
Марјан Куцулоски	Изборен спорт						IX-2 цела година

8.10 Дополнителна настава

Освен задолжителната настава во училиштето се реализираше додатна и дополнителна настава. Дополнителна настава се организираше за ученици кои имаа потешкотии во учењето или покажуваа континуирано слаби резултати во учењето, за ученици кои од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава се изведуваше во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни карактеристики и потреби. За дополнителна настава, образовните групи се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат потешкотии во постигнувањето на градивото кај одредени ученици. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и според индивидуалните потреби и карактеристики на ученикот се применуваше индивидуална форма на работа, работа во групи, а може да се користи и заедничка работа со учениците од секоја од групите. Реализацијата на дополнителната настава се евидентираше во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник. Организирањето и реализацијата се одвиваше според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот се објавуваше на огласната табла и на веб страната на училиштето.

8.11 Додатна настава

Додатната настава се организираше за учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Наставникот е должен да им ја понуди можноста за посетување на додатната настава, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат. Организирањето и реализацијата се одвиваше според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот се објавуваше на огласната табла и на веб страната на училиштето. Основна цел на додатната настава е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. Оваа настава ќе се изведува и во текот на второто полугодие од учебната година со еден час неделно за учениците од II до IX оддление.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

Во текот на полугодието се реализираа наставни часови со примена на ИКТ технологија. Наставниците ги планираа однапред ИКТ часовите и ги пријавуваа на линк креиран од страна на училиштето.

8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик.

Надарените ученици се идентификуваа преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно, ученичко портфолио). Селекцијата на овие деца се вршепе во соработка на наставникот, родителот на ученикот и психологот преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност. Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализираше преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности;
-додатна настава
-проектни активности;
-слободни ученички активности;

-организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници .

Работа со надарените и талентираните ученици

Следење на развојот на надарените и талентираните (примена на систем на мерки и механизми за следење на развојот на надарените).

Препознавањето се состои во непосредна опсервација на однесувањето, начинот на работа и резултатите кои ги постигнуваат учениците во рамките на редовната настава и воннаставните активности.

Препознавање (воочување на одреден вид на однесување кое може да се интерпретира како сигнал за надареност).

-Лична опсервација и искуство; -Предлози од одделенскиот раководител; -Забелешки од предметните наставници; -Запознавање од страна на родителите; -Известување од учениците; -Пријавување од страна на соучениците; -Сугестии од други стручни лица;

Евидентирање на надарените и талентирани ученици започнува со избор на поширока група на ученици кои се претпоставува (од добиени информации од белешки на наставници, сугестии на родители исл.) дека се надарени и талентирани и кои би можеле да се вклучат во понатамошна фаза на психолошко тестирање односно примена на соодветен психолошки инструментариум. При тоа би можело да се потврди или отфрли нивната потенцијална надареност и талентираност со примена на оценувачките скали кои ќе ги применуваат наставниците во однос на видот на нивната надареност.

Критериуми за евидентирање се:

-Училишен успех: се земаат во предвид учениците со постигнат континуиран училишен успех до периодот на евидентирањето. Посебно треба да се внимава на учениците кои имаат постигнато повисоки од стандардните знаење за тоа ниво и имаат при тоа континуитет.

-Забележителни достигнување во поедини специфични подрачја: се почитуваат исклучителни достигнувања на учениците во поедини специфични подрачја на активност како што се: математичко, ликовно, музичко спортско и други подрачја како и други интересни сфери во наставните и воннаставните активности.

-Мислење на наставниците - посебен акцент се става на учениците кои покажуваат знаци на надареност, но немаат континуиран одличен успех или забележителни резултати во едно или повеќе специфични подрачја. Во овој контекст вниманието треба да се стави на учениците кои доаѓаат социјално-депривираните средини

и средини со пониско ниво на социо-културни услови и околности, а кои имаат специфични училишни и тешкотии во однесувањето.

-Натпревари: посебен акцент се става на освоени регионални или државни награди кои учениците ги постигнале или континуирано ги постигнуваат по еден или повеќе наставни предмети и области.

-Хоби: во предвид се земат достигнувањата во различни видови на активности кои за кои учениците имаат силен интерес и мотивација (моделарство).

-Мислење на стручните соработници: (психолог, социолог и други стручни профили). Стручните соработници треба да бидат внимателни и на учениците кои од различни причини не се вклучени врз основа на предходните критериуми. Се земаат во предвид резултатите од психолошкото тестирање кое го реализираат стручните соработници за различни цели (предвремен упис, акцелерација и др.)

-Мислење на родителите: Во оваа фаза мислењето на родителите не се третира приоритетно од причини поради пред се на претпоставениот субјективен или пристрасен однос кон своето дете во однос на неговите сигнали и знаци на надареноста и талентираноста. Мислењето на родителите се зема како дополнителна информација која ја потврдува поставената стручна констатација на експертите.

-Идентификацијата претставува динамичко дијагностичка процедура со која се утврдува видот и степенот на надареноста и талентираноста. Идентификацијата ќе се спроведе преку примена на психолошки тестови преку кои ќе се утврдува општата интелектуална способност и посебните способности на учениците.

- Процесот на откривање на надарените и талентираните ученици во училиштето ќе го води стручниот тим за надарени ученици. Документацијата за проценатa дијагностика ја води стручната служба (педагог-психолог). Со тоа би се извршила прелиминарна селекција на надарените и талентираните во училиштата според видот и степенот на надареност, и препорака за нивно вклучување во соодветни образовни програми.

-Информирање: Во оваа фаза се информираат воспитувачите, наставникот, одделенските наставници, родителите, другарите, заинтересирани лица надвор од училиштето.

-Изработување план за поддршка на развојот (дефинирање на систем на мерки и постапки за поттикнување на развојот во училиштето и надвор од нив).

Работата со надарени и талентирани ученици се реализира преку:

- диференциран пристап во наставата
-групна настава за учениците со приближно исти способности
-додатна настава
-проектни активности;

-слободни ученички активности;
-организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници;
-акцелерација;
Следење на развојот на надарените и талентираните (примена на систем на мерки и механизми за следење на развојот на надарените).

Со надарените и талентираните ученици наставниците се работеше континуирано во текот на целото полугодие со мотивирање и задавање, на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици беа вклучени но и поматаму ќе се вклучуваат во второто полугодие во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси.

8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Како и секоја учебна година, со учениците со ПОП се работеше по претходно изготвен акционен план, во којшто се вклучени Годишната програма за работа на инклузивниот тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработката на Индивидуален образовен план. Кај секој ученик кај кого што ќе биде детектирана потреба за изработка на ИОП (според проценката од соодветна установа МКФ, ЗМЗ и сл), ќе се формира ИТУ за грижа за вклученоста и прифатеноста на ученикот како и изработка на ИОП-и за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Овие планирања се составен дел на планирањата на наставникот.

Кон крајот на учебната 2024/2025 година беше доставено барање до ОУРЦС „Д-р Златан Сремец“ за обезбедување на 18 образовни асистенти за учебната 2025/2026 година. Барањето е согласно потребите на учениците со ПОП (за кои беше обезбедена проценка со препорака за образовен асистент од МКФ) и врз основа на договорот за соработка меѓу нашето училиште и ОУРЦС „Д-р Златан Сремец“ согласно Законските измени кои се однесуваат на инклузивното образование.

Училиштето има формирано училишен инклузивен тим уште во учебната 2012/2013 година. Инклузивниот тим функционираше онака како што налагаше Законот. Со последните измени во Законот за основно образование формиран е училишен инклузивен тим со следните членови.

	Координатор на УИТ: м-р Душанка Панкова **Членови:** м-р Магдалена Петреска, директор

Членови на училишен инклузивен тим	м-р Тина Симиќ Ацковска специјален едукатор, помошник директор Тања Јосимовска-одделенски наставник Маја Тенев-предметен наставник Аделина Давидовска-психолог Искра Илковска - специјален едукатор Елена Малческа - социјален работник Марија Тричковска, родител

Во нашето училиште има поголем број на ученици со посебни образовни потреби па за потребите на истите согласно законската регулатива се формираат **инклузивни тимови за ученик.** Членовите на Инклузивниот тим за ученик (ИТУ) се: претставник на УИТ, одделенски/ класен раководител и сите предметни наставници кои предаваат на ученикот со ПОП. Како и секоја учебна година, со учениците со ПОП ќе се работи по претходно изготвен акционен план, во којшто се вклучени Годишната програма за работа на училишниот инклузивен тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработката на Индивидуален образовен план, годишната програма за работа на дефектологот, наставните планирања на наставниците.

За учениците за кои ќе биде препорачана изработка на ИОП (според проценката од соодветна установа МКФ) ИТУ за конкретниот ученик ќе реализира состанок за изработка на ИОП и ќе го изработи истиот во рок од 30 дена од започнувањето на образовниот процес за ученикот со ПОП.

Во ООУ„Лазо Ангеловски“ развиена е добра инклузивна пракса и политика која се применува и почитува. Вклучени и опфатени се сите деца со посебни потреби во редовната настава и е прифатена нивната различност. Во училиштето имаме ученици со најразличен вид на посебни образовни потреби, некои се со потешки попреченост, а некои се со полесни попреченост или потешкотии па во зависност од видот на ПОП за овие ученици во соработка на УИТ и ИТУ се изработува Индивидуални образовни планови (долгорочен, среднорочен, краткорочен) се применуваа и планираа диференциран пристап на работа, прилагодувања во училница и слично, или пак согласно препораките од стручното тело и модифицирана програма.

Дефектологот преку својата годишна програма за работа постојано го следи напредокот на учениците со ПОП, им дава помош и поддршка при прифаќање, адаптација во училница и сл. Потребно е во иднина да се почитува и применува оваа воспоставена пракса.

При изработката на ИОП-от на даден формулар јасно се дефинираа задачите и улогата на секој еден чинител на истиот, се поставуваа рокови и одговорни лица за реализација на ИОП-от.

8.14.Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немаше организирано туторска поддршка на учениците, но со последните измени во Законот за основно образование училиштето е подготвено да потпише договор со некој од педагошките универзитети и да ангажира студенти како тутори за оние ученици каде што ќе се детектира потреба за истото, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет соодветно на дадените насоки од страна на МОН.

8.15 План на образовниот медијатор

Во ООУ „Лазо Ангеловски“, согласно член 37 од Законот за основно образование, училиштето за потребите на учениците роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем со навремени барања до МОН, соработува со образовен медијатор кој по потреба ќе биде контактиран од страна на училиштето за да обезбеди поддршка за учениците роми.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Училишните спортски клубови претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес и играат клучна улога во развојот на физичките способности, спортскиот дух и тимската работа кај учениците. Тие овозможуваат активно вклучување на учениците во организирани спортски активности, надградување на нивните вештини и поттикнување на здрави животни навики. Преку спортот, учениците не само што ја подобруваат својата физичка подготвеност, туку и развиваат одговорност, дисциплина и почитување на правилата и различностите. Активностите на спортските клубови во текот на учебната година ќе бидат насочени кон редовни тренинзи, учество на училишни натпревари и организирање спортски настани во рамките на училиштето.

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар по ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. Училишниот спортски клуб кој постои од 2013 година, се реализираат активности од областа на спортот и спортски активности, според афинитетите на учениците. Планот на активностите, времето на реализација, опфатеноста на ученици, предвидените настапи, турнири итн., се дадени во програмите за воннаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Распоредот за натпревари се прави според Федерацијата на училишен спорт на РСМ. Преку ученичките натпревари се презентираат постигнувањата на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари се организираат на ниво на училиште, општински регион во рамките на училиште, а најуспешните

ученици би учествувале и на меѓународни натпревари. За таа цел во училиштето функционираа следниве спортови: кошарка, фудбал/футсал, ракомет, атлетика, кросеви, одбојка. Наставниците имаат изготвено планирања на активностите за реализација на училишниот спорт. Екипите земаа учество во училишни, општински, и градски натпревари и освоија награди кои се прикажани во делот на наградите во извештајот.

9.2. Ученички акции

Ученичките акции претставуваат важен дел од воспитно-образовниот процес, преку кои учениците активно се вклучуваат во животот и работата на училиштето и заедницата. Тие придонесуваат за развој на одговорност, иницијативност, тимска работа и граѓанска свест кај учениците. Во училиштето се организираа базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за реализација и супервизија во која задолжително има претставници од Советот на родители. Преку ученичките акции учениците имаат можност да ја покажат својата креативност и општествена одговорност, а училиштето да ја зајакне својата воспитна улога.

По повод Недела на борба против гладта во периодот од 16.10.2025 до 22.10.2025 година нашето училиште заедно со Црвен крст организираа хуманитарна иницијатива под мотото ,,Помислете и на нас".

Веруваме дека и овој пат придонесовме за помош и поддршка на оние на кој им е најпотребно

По повод патрониот празник под мотото ,,Кој ќе спаси еден живот, го спасил целиот свет" на 30.10.2025 година (четврток) во просториите на ООУ ,,Лазо Ангеловски" се одржа акција за дарување крв.

Во акцијата учествуваа вработените во училиштето, родителите и жителите од најблиската локална средина.

Преку хуманост и солидарност на дарувањето крв сакаме да им покажеме на нашите ученици и деца дека дарувањето крв спасува живот и е можност да се продолжат многу човечки животи

Во првото полугоедие нашето училиште во соработка со Црвен крст во рамки на активностите за превентивна здравствена заштита на локалното населението спроведе активност за мерење на притисок и шеќер во крвта.

Во акцијата учествуваа вработени во училиштето, родителите и жителите од локалната средина.

Преку оваа акција ја истакнавме важноста на превентивните прегледи кој можат навремено да откријат одредени заболувања и да спасат нечиј живот.

По повод новогодишните празници традиционално се организираше Новогодишен базар кој помина во прекрасна празнична атмосфера Со многу насмевки, детска радост и креативност, учениците и наставниците покажаа колку заедно можеме да создадеме вистинска новогодишна магија.

Голема благодарност до родителите и сите посетители за поддршката, позитивната енергија и топлите зборови. Со вакви заеднички активности ја јакнеме соработката, хуманоста и празничниот дух во нашето училиште.

Родителите , наставниците ,учениците и др хумани луѓе ,се вклучија во хуманитарната акција за наш ученик од прво одделение, кој храбро се соочува со здравствен предизвик и за кој е неопходна хируршка интервенција.

И во второто полугодие ќе продолжат активности преку кои ќе ја истакнуваме нашата хуманост и соработка.

10. Ученичко организирање и учество

Заедницата на паралелка ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Секоја заедница избира претседател, заменик претседател, постојани тела и повремени тела. Работата на заедницата на паралелка ја води претседателот на одделението. Претседателот е должен да свикува минимум еден состанок во месецот на кој ќе се разгледуваат тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите и ќе се договараат идни активности во согласност со потребите на учениците. На првиот состанок се изготви план за работа кој се однесува на периодот од една учебна година.

Ученичкиот парламент е формална институција загарантирана со закон, која им овозможува на учениците демократски начин на здружување со цел да ги застапуваат интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат врз нив.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. На првиот состанок се бира претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент.Оваа учебна година преку тајно и демократско гласање за претседател на ученичката заедница беше избран Јован Стојчевски 9/6 а за заменик ученичкатаЈована Атанасовска 9/2 одд.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за целата учебна година. Како координатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е задолжен психологот на училиштето Аделина Давидовска.

Во текот на учебната 2025/2026 година во рамките на училишниот парламент ќе се продолжи со реализација на Активности за спроведување на демократски иницијативи од страна на учениците.Истата ја спроведува Коалиција на младински организации СЕГА, во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации.

Во рамките на овие активности се реализираше обука со членовите на ученичкиот парламент на тема „Комуникација и функционирање на ученичкиот парламент“, под менторство на Александра Петровска.

Активноста е дел од програмата „Безбедна училишна средина“,

Целта на проектот е учениците да се чувствуваат како еднакви учесници во работата на училиштето, демократски да се вклучат во решавањето на проблемите и работата на училиштето, да поднесуваат иницијативи и да научат како да ги спроведуваат.

Втората работилница беше посветена на алатки за истражување и креирање анкета. Учениците се запознаа со различни методи на истражување, научија како да формулираат прашања и како да соберат податоци од своите соученици. Како резултат, тие пилотираа онлајн анкета со цел да ги идентификуваат формите на насилство и начините на кои учениците реагираат во конкретни ситуации во училишната средина.

Ментор на училиштето и водител на работилниците беше Александра Петровска, претставник на Здружението за значење на еколошката едукација во осовременување на образовниот процес (ЗЕОООП).

Третата работилница беше посветена на пишување на проект и проектна апликација. Со поддршка и насоки од менторот, учениците изработија целосна проектна апликација при што изготвија и реален буџет за имплементација на нивната идеја. Целта на нивниот проект беше преку театарска форма да се прикажат и решат ситуации на меѓуврснички насилство, поттикнувајќи емпатија, дијалог и активно учество на сите ученици.

Ментор на училиштето и водител на работилниците по трет пат беше Александра Петровска, чија експертиза и поддршка придонесоа за успешна реализација на сите активности.

Ученикот Правобранител е ученик кој се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето. Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку различни активности (едукативни работилници, дебати и сл.) Реализацијата на овие активности се реализираше со помош и соработка со стручната служба во училиштето. Втората задача на правобранителот е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и собира поплаки од учениците.

Понатаму правобранителот ги доставува поплаките до стручната служба за натамошно решавање. Ученикот правобранител имаше редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето.

Правобранителот редовно учествува во работата на ученичкиот парламент.За училишен правобранител оваа учебна година избрана е ученичката Софија Ристиќ 9-3 одделение.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Учениците имаат можност да ја запознаат нашата татковина преку редовни наставни и воннаставни активности кои се реализираат во нашето училиште, нивната околина и поширокото опкружување. Училишните екскурзии, излети и настава во природа им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно – историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

Екскурзиите и излетите претставуваат важен дел од воспитно-образовниот процес, кои овозможуваат проширување на знаењата стекнати на часовите преку непосредно доживување и истражување на природата, културно-историските знаменитости и други образовни содржини. Тие придонесуваат за развој на социјалните вештини кај учениците, зајакнување на другарството, одговорноста и љубопитноста.

Целта на ученичките излети и екскурзии е поврзување на теоретски разработените наставни содржини со практиката:

-Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина, предзнаењата и знаењата да се дополнат, да се дооформуваат, потврдат и систематизираат;

-Развивање на способности за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;

-Воспоставување блиски и непосредни односи меѓу учениците,подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив;

-Развивање смисла за убавото, чување на природата, природните реткости и други материјални и духовни богатства и формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

Екскурзии ,излети и настава во природа кои се реализирани во првото полугодие:

I одделение -Дељадровци

II одделение-Дељадровци

III-одделение-Дељадровци

IV-одделение-Парк Шума -Гази Баба

V-одделение-Парк Шума Гази Баба

VI-одделение-Парк Шума Гази Баба

VII-одделеие-Марков Манастир

VIII-одделение-Марков Манастир

IX-одделение-Охрид(екскурзија)

Програмата за екскурзии и други слободни активности на учениците предвидува активности и во второто полугодие од учебната 2025/2026 година .

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година учениците заедно со своите наставници учествуваа во низа воннаставни активности

Новата учебна година како и секоја година започна со приредба за нашите нови првачиња со желби за успешен и среќен почеток.

Во нашето училиште беше одбележан Европскиот ден на јазиците, кој традиционално се прославува на 26 септември. Учениците ги подготвија и претставија своите презентации, преку кои го покажаа богатството и разновидноста на европските јазици, култури и традиции.

ООУ,,Лазо Ангеловски" и Државното средно училиште со ресурсен центар,,Димитар Влахов", организираа Инклузивен саем – место каде што секој ќе биде прифатен, слушнат и ценет.

Настанот беше посветен за прифаќање, еднаквост и заедништво. Имаше активности за деца и возрасни, работилници, музика и дружење.Истиот беше организиран под мотото Отворени срца, еднакви можности-инклузијата е сила што не обединува

Учениците од IV 2 одд. по тој повод имаа работилница на која изработија сложувалка и истата ја прикачија да го краси самиот настан со цел да ја пренесат пораката дека „Сите се вклопуваме!“ Сите сме различни, но сите сме еднакво важни!“

Во училиштето по повод Денот на светските јазици се реализира културен настан со наставниците од активот на странски и учениците од секциите.

Настанот им овозможи да ги развијат своите јазични и презентациски вештини и да се запознаат со културното наследство на различни држави од Европа.

Како воннаставна активност преку реферат се одбележа 5 Октомври - Светскиот ден на учителот.Се истакна улогата, трудот и посветеноста на наставниците во образованието и развојот на општеството. Овој ден е потсетник за значењето на наставничката професија и потребата од нејзино вреднување и поддршка.

Во рамките на Детската недела, учениците во рамките на своите одделенија разговараа, учеа и твореа на тема „Детето има право!“ Преку интересни игри, квизови и креативни активности, најмалите ја научија важноста на правото на љубов, игра, образование и среќно детство.

И оваа учебна година свечено го одбележавме патрониот празник на нашето училиште, под мотото „Мојата Македонија“.

Нашите ученици, наставници и гости уште еднаш потврдија дека училиштето е место каде се градат карактери, се развиваат таленти и се создава иднината на нашата Македонија.

Секој ученик, секој настап, секој збор беше дел од една убава приказна, во која Македонија се чувствува, се почитува и се носи во срцето.За сето ова секако најзаслужни беа учениците од драмската секција,хорот и оркестарот заедно со нивните наставници.Горди сме на сите учесници и благодарни на публиката што ја збогати оваа празнична приказна.

По повод патрониот празник учениците од ликовната секција го цртаа ликот на нашиот патрон а литераурната секција се престави преку литературно читање со литературни дела творени на тема за ликот и животот на Лазо Ангеловски

Литературната секција учествуваше и на други училишни и вонучилишни литераурни конкурси за кои учениците од секцијата твореа и пишуваа литературни дела преку кои ги.претставуваа своите таленти, креативност и љубов кон пишаниот збор

.По повод Патрониот празник наставникот по ликовно образование го разубави нашето училиште со прекрасен мурал.а како одговорен наставник на ликовната секција организираше и ликовен конкурс за најубав цртеж за ликот и делото на Лазо Ангеловски.Исто така се организираа разни ликовни хепенинзи и по повод на значајни датуми се украсуваа паноата со цртежите од секцијата кои ја разубавуваа училишната средина.Учениците со голема радост и креативност изработуваа новогодишни украси и честитки во празнична атмосфера

Членовите на Историската секција реализираа историски час пред бистата на Лазо Ангеловски.Учениците преку своите излагања се потсетија на животот и делото на нашиот патрон – Лазо Ангеловски, неговата љубов кон татковината и неговата посветеност кон идеалите на слободата и правдата Исто така за сите поважни датуми се подготвуваа и читаа реферати

По повод патрониот празник на нашето училиште, наставниците од активот по ФЗО организираа спортски активности

Во активностите беа вклучени сите ученици:

• одделенска настава – полигони,

• предметна настава – спортски игри

Учениците уживаа во движењето, дружењето и спортскиот дух. Ден исполнет со енергија, забава и тимска игра!

Во училиштето како значаен датум беше одбележан и 3 Декември – Ден посветен на прифаќање, различност и еднакви можности

Нашите ученици го одбележаа Меѓународниот ден на лицата со попреченост преку активности исполнети со емпатија, поддршка и заедништво.

Преку кратки работилници, креативни пораки и разговори, зборувавме за тоа колку е важно секој ученик да се чувствува прифатен, почитуван и вреден.

Учиме дека различноста е наша сила, а инклузијата – патот кон подобро и похумано училиште.

Горди сме на нашите деца што со големи срца ги прегрнуваат вредностите на разбирање и солидарност.

По повод Интернационалниот ден на борба против ХИВ денес учениците од IX одделение присуствуваа на едукативно предавање.

Целта на предавањето беше да ги запознае учениците со основните информации за ХИВ – што претставува, како се пренесува, како НЕ се пренесува, и кои се начините за заштита – со цел да развијат правилни ставови, да избегнат стигма и да се грижат за своето здравје и за здравјето на другите.

Студенти на Фонтис Академијата за Уметност од Тилбург, Холандија одржаа музичка работилница организирана од Maaike Fekkes, координаторка на Fontys Academy of the Arts – Fontys University .Работилницата ја реализираа Kaato Breedveld и Hilde Jonkers, Учениците имаа можност да истражуваат различни движења со различен ритам – плескање со дланки, тропање, вртење – како и да користат музички инструменти. Тие беа активни и со голем интерес ја следеа активноста.

Во рамките на Еко училиште се реализираше едукативно предавање „Зелен волонтеризам“. Во ова предавање беа опфатени учениците од второ и трето одделение каде што научија како сите заедно да ја зачуваме чистотата во нашата околина, кои се ризик факторите од загадувањето, кои се причинителите за загдувањето и како правилно се селектира отпад.

По повод Новогодишните празници во училиштето се реализираа многу весели активнисти:

Драмската секција за таа цел ја подготви театарската претстава „Нашата новогодишна бркотница“ и училишната аула беше исполнета со смеа, радост и празнична атмосфера. Учениците и наставниците заедно создадоа незаборавни моменти.

Многумина наставници во своите одделенија со учениците со многу труд, љубов и храброст приготвија новогодишни приредби.Истите се претставија пред родителите и своите блиски преку кои ги исполнија училниците со празничен дух, радост и детска креативност а Дедо Мраз на многумина ученици им подели и пакетчиња за нивната вредност и посветеност во текот на целата година .

12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се составен дел од воспитно-образовните активности кои имаат за цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството , да се остварат контакти со учениците од други средини, но и да се промовира училиштето и општината. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот, а имаат и значаен ефект врз кариерата на наставникот/наставничката и на училиштето како институција.

Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во наставата и другите подрачја во воспитно-образовната дејност. Тие ќе се организираат со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух. Учениците земаа учество на училишни, регионални и републички натпревари по оние предмети и области за кои што соодветните здруженија поседуваат акредитација од страна на МОН. Воедно учениците активно учествуваа и на распишани конкурси и други форми на натпревари организирани по повод државни празници, јубилејни прослави и слични настани со свои творби по одделни предмети и области.

По повод Патрониот ден на училиштето на литературниот конкурс награди освоија следните ученици:

I - Калина Ѓуровска V-2 — ментор: Гордана Камческа Ѓоревска

II - Евгенија Шурбановска III-1 — ментори: Лидија Божиноска и Јасмина Мигуловска

III - Мила Гашиќ IV-1 — ментор: Тања Јосимовска

ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

I - Анамарија Илова VI-4 — ментор: Весна Анѓелевска

II - Матеј Стоименов VII-3 — ментор: Костадинка Поповска

III - Ангелина Мојсоска VI-4 — ментор: Весна Анѓелевска

На ликовниот конкурс награди освоија следните ученици:

Од I до III одделение

I - Јаков Стоименов III-1 — ментори: Лидија Божиноска и Јасмина Мигуловска

II - Софија Цветановска III-2 — ментори: Весна Стрезовска и Анета Димовска

III - Неда Трпчева I-1 — ментори: Марија Митева и Наташа Јакимовска

Од IV до VI одделение

I - Михаела Дончева IV-3 — ментор: Роберта Јордановска

II - Јана Политова V-2 — ментор: Гордана Камческа Ѓоревска

III - Драгана Николовска VI-6 — ментор: Горан Стаменков

Од VII до IX одделение

I - Дарија Дифковиќ VIII-3 — ментор: Горан Стаменков

II - Јана Колевска VII-6 — ментор: Горан Стаменков

III - Лара Митевска VIII-2 — ментор: Горан Стаменков

Пофалница:

Павел Брашнарски VIII-5 — ментор: Горан Стаменков

Одбојкарките на ООУ „Лазо Ангеловски“ го освоија првото место на ниво на Општина Аеродром.

Во финалниот натпревар, по неизвесна и борбена игра, успеаја да ја совладаат екипата на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, со што заслужено го освоија првото место и обезбедија пласман на градските натпревари. Честитки до девојките за борбеноста, тимскиот дух и одличниот успех!

На регионалниот натпревар во спелување на француски јазик за ученици од седмо одделение. Нашето училиште учествуваше со 3 ученици: Лана Костовски, Мила Стамболиева и Ангела Христова, кои покажаа високо ниво на подготвеност и постигнаа солидни резултати во конкуренцијата.

Учениците успешно ги совладаа зададените зборови и демонстрираа познавање на францускиот јазик, самодисциплина и самодоверба при настапот. Особено се истакна ученикот Лана Костовски, кој со својот одличен пласман се квалификува за државниот натпревар.

Им честитаме на сите ученици за вложениот труд и постигнатиот успех и им посакуваме понатамошни успеси, особено на ученикот кој продолжува на државно ниво.

Учениците од V-6 одделение, Стефан Јордановски и Марко Митревски, беа учесници на настанот „Ноември – месец на наука“ , каде со својот изработен експеримент – Прочистувач на воздух – се здобија со трета награда .

.Нашата ученичка Нина Панчевска од IX-2 одделение ја освои ПРВАТА награда на саемот „Ноември – месец на науката 2025“!

Ова е огромен успех што ја потврдува нејзината посветеност, упорност и љубов кон науката.

На детската трка од 1 километар, како дел од главната трка November Run Gevgelija нашата ученичка Joana Петкова од III-4 одделение го освои првото место на 1 километар, категорија 2017 - 2018 година, девојчиња

Освоени награди во првото полугодие од учебната 2025/2026 година.

Вид натпревар	Наставен предмет	Освоено место	Име и презиме на наставникот	Име и презиме на ученикот	Одделение
државен	Математика	Прво	Наташа Трајчева	Мелани Бошкоска	I
државен	Математика	Прво	Игор Боризовски	Даниел Костадинов	I
друго	Ликовно образование	Второ	Анета Димовска	Софија Цветановска	III
училишен	друго	Друго	Лидија Божиноска	1 место на ликовниот Јаков Стоименов и 2 место на литературниот Евгенија Шурбановска	III

државен	Математика	Второ	Лидија Божиноска	Теон Попоски	III
училишен	Француски јазик	Второ	Слаѓана Крстевска	Ангела Христова	VII
училишен	Француски јазик	Прво	Слаѓана Крстевска	Мила Стамболиева	VII
училишен	Француски јазик	Трето	Слаѓана Крстевска	Лана Костовски	VII
училишен	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Михаил Ацески	VII
училишен	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Јанева Филипа	VII
училишен	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Додевска Мина	VII
регионален	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Мила Стамболиева	VII
регионален	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Ангела Христова	VII
регионален	Физичко и здравствено образование	Друго	Слаѓана Крстевска	Лана Костовски	VII
државен	Француски јазик	Друго	Слаѓана Крстевска	Лана Костовски	VII
училишен	Ликовно образование	Трето	Марија Митева	Неда Трпчева	I
државен	Математика	Прво	Шеќеринка Спасова	Ален Јосифов	II
државен	Математика	Прво	Шеќеринка Спасова	Олег Јосифов	II
интернационален	Физика	Прво	Жаклина Колевска	Петрушевска Марија	VIII
државен	Математика	Второ	Јасмина Мигуловска	Теон Попоски	III
училишен	Ликовно образование	Прво	Јасмина Мигуловска	Јаков Стоименов	III
училишен	Македонски јазик	Второ	Јасмина Мигуловска	Евгенија Шурбановска	III
државен	Биологија	Прво	Донка Митева	Нина Панчевска	IX
државен	Математика	Трето	Светлана	Димчевски Војдан	III

			Јосифовска		
државен	Математика	Трето	Екатерина Геговска	Војдан Димчевски	III
друго	Ликовно образование	Второ	Весна Стрезоска	Софија Цветановска	III
државен	Математика	Прво	Анета Димовска	Дамјан Младеновски	III
државен	Математика	Прво	Весна Стрезоска	Дамјан Младеновски	III
државен	Математика	Прво	Билјана Кузевска	Даниел Костадинов	I
друго	Музичко образование	Друго	Ѓорѓи Ќириќ	/	IX
друго	Музичко образование	Друго	Ѓорѓи Ќириќ	/	IX
општински	Физичко и здравствено образование	Прво	Петар Ацески	Женска одбојка	VIII
општински	Физичко и здравствено образование	Прво	Петар Ацески	КОШАРКА ЖЕНСКИ	VIII
друго	Природни науки	Трето	Мартина Неделковска Кичевска	Јордановски Стефан , Митревски Марко	V
општински	Физичко и здравствено образование	Друго	Петар Ацески	Кпшарка машки	IX
државен	Физичко и здравствено образование	Прво	Бошко Кентер	Теодор Славковски	VII
државен	Физичко и	Трето	Кристијан	Дамјан Сековски	VII

	здравствено образование		Шумковски		
државен	Математика	Прво	Пепи Спирова-Христова	Калина Бошеска	II
државен	Математика	Прво	Билјана Колевска	Ален Јосифов	II
државен	Математика	Второ	Билјана Колевска	Олег Јосифов	II
училишен	Музичко	Трето	Горан Стаменков	Драгана Николовска	VI
училишен	Ликовно	Прво	Горан Стаменков	Дарија Дифковиќ	VIII
училишен	Ликовно	Второ	Горан Стаменков	Јана Колевска	VII
училишен	Ликовно	Трето	Горан Стаменков	Лара Митевска	VIII

Натпреварите од сите области ќе се одржуваат поинтензивно во второто полугодие каде што учениците ќе учествуваат и ќе очекуваме високи резултати.

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

На ден 29.10.2025 година во ООУ„ Лазо Ангеловски“Тимот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието одржа средба со цел да се прецизираат активностите од Акциискиот план за учебната 2025/2026 година за проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието.На таа средба се договоривме кои активности ќе ги реализираме во учебната 2025/2026 година за проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието со новиот партнер училиште ООУ „Живко Брајковски”- Општина Бутел.

На ден 26.11.2025 учениците ООУ „ ЛазоАнгеловски " и ООУ „ Живко Брајковски " од IV и VI одделение на македонски и албански наставен јазик, учествуваа во заедничка интерактивна и креативна работилница на тема „Традиционална облека во Македонија“.Часот беше организиран со цел да се поттикне меѓукултурно запознавање, почитување и соработка меѓу учениците .Тие работеа во мешани групи, изработувајќи едноставни модели и илустрации на народни носии, при што ги споделија знаењата за својата култура и научија за богатството на традициите на своите соученици. Часот помина во позитивна и креативна атмосфера, каде учениците покажаа интерес, љубопитност и почит кон различностите.Учениците имаа заеднички интереси кои што сакаа да ги остварат, се дружеа и создаваа нови пријателства.

Во текот на првото полугодие беа предвидени да се реализираат 95 (МИМО) наставни часови и истите во целост се реализираа.

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во училиштето се реализираат следните проекти:

Име на проектот	Институции за подршка и помош	Име и презиме на наставник/ стручни соработници	Временска рамка на реализација	Средства за реализација на проектот	Општи цели
Меѓуетничка интеграција во образованието	поддржан од МЦГО, МОН и УСАИД	Светлана Јосифовска	Во текот на учебната година	/	Едуцирање на ученици за прифаќање на различностите.

Училиште без насилство	МОН, УНИЦЕФ	Јадранка Дракуловска	Во текот на учебната година	Сопствени средства	Намалување на насилното однесување на учениците,создавање на безбедна училишна средина.
Француски јазик во V одделение	Француски институт и организација Естима	Слаѓана Крстевска	Во текот на учебната година	Француски институт и организација Естима	Изучување на францускиот јазик за идното образование, кариерен развој и мобилност
Тим за проекти финансирани од Европска Унија	ЕРАЗМУС +	Мирослава П.Аневска	Во текот на учебната година	Европска Унија	Намалување на врсничко насилство
Промоција на безбедна училишна средина	СЕГА, Македонски Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ, СМАРТ АП, Детската Фондација Песталоци	Тина Симиќ-Ацковска	Во текот на учебната година	СЕГА, Македонски Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада воСветот МЕЃАШИ, СМАРТАП,Детската Фондација Песталоци	Придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина

Сите Тимови работеа според своите програми предвидени за првото полугодие и за тоа дадоа во прилог свои текстуални извештаи кои се во прилог на извештајот за полугодие од учебната 2025/2026 година.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година.

Успехот на учениците по генерации е прикажан во табелите од статистичкиот преглед:

предмет		успех					%
		5	4	3	2	1	
	бр.	бр.	бр.	бр.	бр.	бр.	
Македонски јазик	1048	581	218	153	92	4	4.221
Математика	1048	619	194	148	87	0	4.283
Англиски јазик	1048	718	183	117	30	0	4.516
Француски јазик	325	92	64	99	69	1	3.545
Германски јазик	320	206	61	36	17	0	4.425
Ликовно образование	1048	831	159	58	0	0	4.738
Музичко образование	1048	683	230	116	19	0	4.505
Географија	675	279	184	153	59	0	4.012
Историја	499	168	120	95	109	7	3.667
Биологија	499	231	113	104	51	0	4.050
Физика	499	135	134	105	107	18	3.523
Хемија	499	194	130	101	74	0	3.890
Физичко и здравствено образование	1048	962	61	20	5	0	4.889
Техничко образование и информатика (техничко)	89	65	9	14	1	0	4.551
Техничко образование и информатика (информатика)	87	82	5	0	0	0	4.943
Техничко образование и информатика	398	398	0	0	0	0	5.000
Природни науки	549	385	89	67	8	0	4.550
Информатика	176	151	7	9	9	0	4.705
Етика	176	145	6	16	9	0	4.631
Историја и општество	373	371	1	1	0	0	4.992
Историја и општество (историја)	176	53	52	37	34	0	3.705
Историја и општество (географија)	176	87	49	40	0	0	4.267
Историја и општество (граѓанско образование)	0	0	0	0	0	0	
Граѓанско образование	323	188	70	54	10	1	4.344

Иновации	157	61	43	41	12	0	3.975
Изборен предмет							
Моделарство креативни идеи-направи сам	174	173	1	0	0	0	4.994
Цртање, сликање и вајарство	199	199	0	0	0	0	5.000
Фотографирање	87	86	1	0	0	0	4.989
Нашата татковина	70	48	13	5	4	0	4.500
Заштита на животната средина	90	90	0	0	0	0	5.000
Морал и етички вредности	86	86	0	0	0	0	5.000
Планинарење	86	86	0	0	0	0	5.000
Проекти од музичка уметност	56	56	0	0	0	0	5.000
Музички жанрови	80	80	0	0	0	0	5.000
Изборен спорт	31	26	3	2	0	0	4.774
Справување со природни катастрофи	88	88	0	0	0	0	5.000
Просек на училиштето:							4.52

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

Бр. на ученици			**Успех на учениците**																
м	**ж**	**вк.**	Одличен			Мн. добар			Добар			Доволен			Позитивно оценети			Со слаби оценки		
			м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.
567	484	1051	302	337	639	183	##	300	61	25	86	2	1	3	548	480	1028	19	4	23

ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Одделение	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	ВКУПНО
примерно	141	145	154	174	199	176	176	166	158	1489
добро	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
незадоволително	0	0	0	0	0	0	0	1	1	0

ИЗОСТАНОЦИ

Одд .	I	II	III	IV	V	I-V	VI	VII	VIII	IX	VI-IX
Оправдани	989	611	658	690	592	3540	2308	2405	3437	4254	12404
Неоправдани				258		258	20	67	27	210	324
Вкупно	989	611	658	948	592	3798	2328	2472	3464	4464	12728

Вкупен број на изостаноци на ниво на училиште:
ОПРАВДАНИ- **15944**
НЕОПРАВДАНИ - **582**
ВКУПНО - 16526

15.2. Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација претставува важен сегмент во воспитно-образовниот процес, кој им помага на учениците да ги препознаат своите интереси, способности и потенцијали, како и да се информираат за различни професии и образовни насоки. Преку соработка со локалната заедница, како и со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Училиштето превземаше конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности беше навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците се запознаваат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Се остваруваа индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците.Во второто полугодие поинтензивно учениците ќе ги следат организираните посети и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни, добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на професионален и образовен план.

Во училиштето има формирано тим за ненасилно однесување и истиот има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, СВР-Скопје, невладини организации, ресурсни центри, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство.

Тим за ненасилно однесување

Координатор- Јадранка Дракуловска; членови – Иванка Николова, Аделина Давидовска, Тина Симиќ Ацковска, Искра Груевска, Магдалена О. Јосева, Елена Малческа.

Во тимот учествуваат по двајца ученици од секоја паралелка од 7-мо и 8-мо одделение.

Во училиштето е формиран Тим за ненасилно однесување во кој членуваат наствници, стручни соработници и ученици. Во тимот во соработка со класните раководители се избираат ученици кои се жртви на насилство или ученици кои пројавуваат насилно однесување целта тимот е намалување на насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување и создавање на безбедна училишна средина. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување. Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Тимот редовно поднесува извештај за фрекфенцијата, видот и местата каде што се случуваат насилните однесувања, а исто така врши и едукација на учениците, наставниците и родителите за успешно разрешување на конфликти. Координаторот на тимот во соработка со членовите на тимот реализира работилници за разрешување на конфликти во паралелките каде што има потреба од истото. Преку разговори со учениците на теми за намалување на насилството произлезе и идејата за меѓувсничка поддршка, при која учениците од повисоките одделенија посредуваат во конфликтни ситуации и учат како сами да ги разрешуваат конфликтните ситуации.

Тимот соработува и со други стручни лица од релевантни установи во локалната заедница заради сеопфатна заштита на децата од насилство, пријавува во Брза помош кога на ученик му е потребна медицинска интервенција, или во центар за социјална работа, или во полиција кога постои сомнеж за сторено кривично дело или кога детето е жртва на каков било вид на насилство. Програмата за заштита на децата од насилство да го содржи следново: Основните принципи и начела согласно Конвенцијата за правата на детето, кои се и рамка за дејствување. Тие се: право на живот, опстанок и развој, најдобриот интерес на детето, недискриминација и еднаквост, поголемо учество на децата; Усогласување со постојните подзаконски акти; Дефинирање на најчестите видови на насилство во

училиштата – физичко, психичко, социјално, сексуално, сајбер насилство; Превентивни активности – создавање безбедна средина за живот и работа на учениците.

Тимот има изработено **процедура** за разрешување на конфликти и **постапка** за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба.

Оваа учебна година се продолжи со активностите од проектот „**Промоција на безбедна училишна средина**“ Реализатори на овој проект се: Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци.

Цел на проектот е :Остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина:

Јакнење на капацитетите на основните училишта за превенција и справување со насилството во нашето училиште. Учениците носат позитивни искуства од работилниците кои се реализираат во рамките на овој проект и постојано ќе се надоградуваат.

За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмата за Животни вештини. Идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивното надминување. За учениците кои имаат асоцијално однесување, наставниците во соработка со стручната служба преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни, известување до педагошката служба во МОН.

Во рамките на превентивните активности, стручните соработници остваруваа соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициската станица Аеродром. На овие теми се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници кои имаат за цел подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и / или бројчани оценки. За таа цел, наставниците користеа различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка.

Наставниците ја дефинираат претходно утврдената динамика во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се вршеше преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување , како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците. Врз основа на одделението во коешто се спроведува оценувањето тоа може да биде со: описна оценка, комбинирано (описна и бројчана) и бројчана оценка.Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвија План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчани според три периоди.

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки.

(5) Постигањата на ученикот од ставот (4) на овој член, во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки, на крајот на првото полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(6) Во третиот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.

(7) Согласно со Концепцијата за основно образование, во основното училиште се оценуваат и постигањата на

учениците од слободните изборни предмети. Слободните изборни предмети се предмети кои имаат за цел да обезбедат развој на ученикот и да го мотивираат за самостојно учење и за насочување во натамошното образование. Секој слободен изборен предмет се оценува одделно. За постигањата од слободниот изборен предмет што се реализира само во првото полугодие, ученикот на крајот од првото полугодие добива известување за успехот со бројчана оценка, а истата оценка се запишува и на крајот од годината во свидетелството.
(8) Ученикот од ставот (6) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(9) Ученикот на крајот на учебната година добива додаток на свидетелство во кое описно се наведуваат постигањата на ученикот и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности.

(10) Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

Оценување на учениците со попреченост

(1) Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно.

(2) Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано.

(3) Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати.

(4) Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.

(5) Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Учениците со ПОП согласно измените во Законот за основно образование член 139 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) во првиот период постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во текот на учебната 2008/2009 година, нашето училиште беше вклучено во третата фаза во компонентата „Унапредувањето на оценувањето“. Од тогаш, секоја учебна година се формира тим за унапредување на оценувањето кој има за цел да им помогне на наставниците да ги согледаат и употребат сите средства за квалитетно оценување. Со воведување на училишното планирање на оценување и неговата реализација го подобруваме квалитетот на оценувањето, да стане дел од добрата настава и учењето.

Глобални цели на тимот за унапредување на оценувањето се:

1. Започнување со формирање база на инструменти за оценување (формативно и сумативно) по генерации и по предмети.

2.Споредба на постигнувањата на учениците од, 2023/24, 2024/25 и 2025/26 учебна година, по наставни предмети и области, наставници и генерации со постигнувањата од 2024/2025 учебна година со цел споредба на просеците и утврдување на поголеми отстапки .

3. Следење на процесот на примена на формативното и сумативното оценување од страна на наставниците.

4. Одржување на работилници за следење и оценување на постигнувањата на учениците.

Тимот ги користи стручните материјали од УСАИД – ПЕП и БРО, воедно ги користи искуствата на наставниците.

Очекуваме дека преземените активности ќе придонесат за поголемо задоволство на учениците и родителите и придонес за збогатено, корисно професионално искуство за наставниците.

При планирањето на оценувањето наставниците ќе ги користат целите и задачите од наставните планови и програми, стандардите и критериумите по дадените наставни предмети.

Во планирањето на формативното оценувањето наставниците ќе бидат следени дали ги користат следните методи со кои ќе се следи учењето:

- усно испрашување
- самооценување и меѓусебно оценување на учениците
- портфолио
- проекти
- тестови и контролни од наставниците
- стандардизирани тестови
- дискусија
- мисловни мапи
- есејски прашања

Во планирањето на сумативното оценувањето наставниците беа следени дали ги користат стандардите и критериумите зададени од страна на БРО во креирањето на инструментите за оценување.

Информациите што наставниците ги собираат преку наведените методи на оценување им помогнаа да добијат подетална слика за напредокот и постигањата на учениците, а тоа има позитивно влијание за наредните чекори во учењето.

Сумативната оценка се изведува од податоците добиени со формативното оценување.

Формативното следење на учениците, наставниците го заведуваат во документацијата за следење на напредокот на учениците. Притоа учениците добиваат поддршка од наставниците, доколку не се задоволни од своите постигнувања, со тоа што им овозможуваат повторно да бидат прашани, ги мотивираат, им даваат можност на поинаков начин да се искажат.

Сумативната оценка, наставниците ја заведуваат во одделенските дневници, електронскиот дневник, кварталните извештаи (евидентни листови) за родителите и свидетелствата.

Споделувањето на добра пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето се прави преку одржување отворени часови, интегрирани часови, работилници, каде е ставен акцентот на оценувањето и преку базата на инструменти за оценување од каде наставниците ќе можат да видат примери, да црпат искуства, за да се подобрат во делот на оценувањето.

За напредокот на поучувањето, родителите и учениците се информираа најчесто усно во тек на целата година од страна на предметните и одделенските наставници,(на отворените денови за родители кои се одржуваат последниот четврток во месецот и на однапред пријавени приемни часови во текот на неделата) а со сумативните оценки родителите се известуваа со писмен извештај на крај на секој квартал (евидентен лист).

Тимот одржуваше состаноци според активностите предвидени во програмата. За поуспешна реализација на активностите, тимот за унапредување на оценувањето соработуваше со УИТ, тимот за професионален развој на наставниците во училиштето, тимот за ИКТ,тимот за еколошка интеграција, се водеа консултативни разговори со стручната служба во училиштето и во секојдневна консултација со наставниците за да може да одговори на нивните потреби поврзани со оценувањето на постигнувањата на учениците.Во однос на подобрување на оценувањето тимот одржа два состаноци во првото полугодие на кои се разгледуваа начините и можноста за координација и соработка со тимот, стручни соработници, наставници и ученици. Соработката се воспостави заради усвојување и одговор на стандардите кои се поставени, а се поврзани со оценувањето на учениците во учебната 2025/2026 година.

Направена е споредбена анализа на постигнувањето на учениците во 2023/2024 со 2024/2025 и тековната 2025/ 2026 година.

Изменет е начинот на вреднување на ученици со ПОП односно запишувањето на оценатa која од прво до деветто одделение е описна.

Во месец септември 2025 година беше реализирана обука за ЛППР, односно користење на националната платформа nastava.mk.

Пред самиот почеток на второто полугодие одржани се обуки кои секако ќе придонесат за унапредување на оценувањето. Обуките се за Инклузивност и изработка на ИОП и Вештачка интелегенција.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведуваше индивидуално, групно, колективно во зависност од воспитно-образовната активност што треба да биде следена. Се вршеше по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат :.Анализа на тематски и годишни планирања , Следење на дневни подготовки ,Следење на

реализација на наставен час, Следење на водење на педагошка евиденција и следење на вон наставни активности и секции.

Секој стручен соработник има изработено инструмент за посета на наставните часови во зависност од аспектот,доменот и компетенциите на следење. Во однос на овој дел посетета се изведува во III дела:

I. Разговор со наставникот пред посетата на наставниот час
II. Посета на наставниот час
III. Разговор со наставникот по посетатата

16.4. Самоевалуација на училиштето

Училишниот одбор на предлог од директорот ќ формира нова комисија за спроведување на самоевалуација за периодот од 2025/2027 година.

Самоевалуацијата се спроведува во неколку фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се обезбедува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата притоа користејќи ги материјалите од претходната самоевалуација за да се направи компарација);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се прибираат податоци преку анкети, прашалници, интервјуа и сл.на стручно-раководна служба, наставници, родители, ученици. Се уредуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се презентира нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2025-2027 година

Работни тимови по подрачја:

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Билјана Кузевска-одделенски наставник, Јана Крстева – одделенски наставник, Маја Стојановска-предметен наставник, Пепи Спировска Христова- одделенски наставник, Наташа Трајчева- одделенски наставник,

Подрачје 2: Постигања на учениците

Донка Митева – предметен наставник, Благица Ангеловска-предметен наставник, Ивана Ничевска- предметен наставник, Ане Аврамовска-предметен наставник, Светлана Јосифоска-одделенски наставник

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Тамара Тодоровска-одделенски наставник, Емилија Сарафилоска-одделенски наставник, Далибор Савески-предметен наставник, Марина Блажевска- предметен наставник, Снежана Петреска- одделенски наставник

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Наташа Јакимовска – одделенски наставник, Александра Пејковска – одделенски наставник, Данче Димовска-одделенски наставник, Мартина Неделковска-предметен наставник, Роберта Јорданова- одделенски наставник, Ѓорѓе Ќириќ- предметен наставник

17. Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информираа и обучуваа како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.

За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурен наставник се додека не ги земат родителите , а за тоа се води редовна евиденција. Поставени се видеокамери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.

18. Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето соработуваше со Центарот за јавно здравје, Заводот за здравствена заштита, Црвениот крст и други медицински установи за организација и реализација на систематските прегледи за учениците и едукативни предавања и работилници за учениците. Здравствената едукација на учениците се остваруваше и во текот на

редовната настава по предметите физичко и здравствено образование, природа, природни науки, биологија, екологија, образование за животни вештини и преку интегрирање на наставните содржини преку програмата Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на РСМ

Учениците од биолошката секција од 9 одделение, кои подготвија и успешно одржаа едукативна презентација за полово преносливи болести пред своите соученици од 9 одделение.

Учениците покажаа зрелост, одговорност и одлични истражувачки вештини, како и способност јасно, самоуверено и професионално да ја пренесат важната содржина. Тие знаат да препознаат што е вистинска и корисна информација, како да истражуваат, како да подготват и како да реализираат успешна презентација.

По повод Интернационалниот ден на борба против ХИВ денес учениците од IX одделение присуствуваа на едукативно предавање.

Целта на предавањето беше да ги запознае учениците со основните информации за ХИВ – што претставува, како се пренесува, како НЕ се пренесува, и кои се начините за заштита – со цел да развијат правилни ставови, да избегнат стигма и да се грижат за своето здравје и за здравјето на другите.

18.1. Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена. Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на учебната година ја поттикнуваа свеста кај учениците за одржување на хигиената. Одделенските раководители во својата паралелка превентивно работат и реагираат во ситуации кога е намалена хигиената, а правилата на однесување и обврски на учениците се запишани во кодексот на однесување. Училиштето во текот на полугодието континуирано обезбедувше средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето соработуваше со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се организираатза учениците и за нвработените во училиштето.Ова полугодие се организираа санитарни прегледи за сите вработени. Посебно внимание се обрнуваше на редовно вакцинирање на учениците и систематски прегледи според планот на Поликлиника Јане Сандански. Од страна на стоматолошката

амбуланта во Поликлиниката Јане Сандански се вршаеа и редовни стоматолошки прегледи на забите на учениците од I до IX одделение.

18.3. Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IV одделение се вршеше според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје - Скопје, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Учениците од I одделение со навршени шест години се повикуваа на ревакцина МРП (морбили, рубеола, паротит) за учениците од II одделение и III одделение - ревакцина ДТ Полио (дифтерија,тетанус) и тестирање манту за ТБЦ. За учениците од VII одделение вакцини за детска парализа и тетанус и за учениците од IX одделение се вакцинираа од ХПВ вакцината и ревакцинираат од рубеола, од детска парализа, дифтерија и тетанус

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта е едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности. Се планираат предавања на теми за здрава исхрана и здрав живот во соработка со родители кои се стручно едуцирани во тематиката на здрава исхрана.

Во училиштето за учениците од I-III одд.се подготвува топол оброк кој е направен според стандарди за исхрана на децата во тој период направени од нутриционист, а за хигиената и исправноста на храната во училиштето постои Тим за исхрана и одговорен наставник и родител кои редовно спроведуваат контрола врз квалитртот и хигиената во училишната кујна и трпезарија и даваат свои сугестии и препораки за подобрување на истата..

За поголемите ученици во училиштето е организирано снабдување со ужинка од СИЛБО која ја земаат ученици кои се заинтересирани.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите во ходниците, санитарните јазли и во училишниот двор. Според распоредот задолжените одговорни наставници водат евиденција за тековните збиднувања за дисциплината за време на одморите. Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето ќе се продолжи со едукација на вработените за асертивно однесување, тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негува позитивниот однос кон работата.

Училиштето преку тимот за естетско уредување и ликовната секција постојано се уредувасо цел да се постигне пријатна и естетска атмосфера за работа и учење.По повод значајни настани училиштето се украсува и естетски се уредува за настаните.

Посебно ќе ги истакнеме естетските уредувања по повод Патрониот празник на училиштето каде што ходниците и аулата беа украсени под мотото Моја Македонија

Преку креативност, тимска работа и многу позитивна енергија,во духот на новогодишните празници, нашето училиште заблеска за Новогодишните празници .Создадовме новогодишна бајка која носи радост и празничен дух за сите.

Комисијата за естетско уредување додели и пофалници за најубаво украсени училници ,кабинети и ходници по повод Новогодишните празници.Како најдобри се пофалени училниците на III/2 одд,кабинетот по ФЗО ходниците над училишната аула.

Во текот на второто полугодие одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, ќе учествуваат во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот, а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми кои ќе се реализираат.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии . Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Тимот за односи меѓу сите структури (м-р Магдалена Петреска - директор, Силвана Давчевска- секретар, Марија Тричковска – совет на родители, Иванка Николова – социолог, – Јована Анастасова училишен парламент) преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираа преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, законот за основно образование и интерните правилници, секогаш се почитуваа. За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици)беа благовремено информирани. Училиштето тековно даваше поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. За децата со посебни образовни потреби, е вклучено стручно лице - дефектолог, кое работи со тие ученици. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители, чии деца покажуваат социјална

неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби.

За да се подобри квалитетот на училиштето се вршеа анализи на резултатите добиени на полугодието и врз основа на сознанијата се прават планирања за подобрување.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Професионалниот развој има за цел да го продлабочи знаењето на наставниците за да го подобри учењето и постигањата на учениците, да можат сите ученици да достигнат максимум во своите потенцијали за учење. Професионалниот развој на наставниците е најпродуктивното вложување кое може да резултира со подобрување на постигањата на учениците. Професионалниот развој на наставниците е есенцијален и законски е пропишан.
- Добриот систем за професионален развој на наставниците/стручните соработници опфаќа следење на работата и стручен дијалог преку кој се гради заедничко разбирање за потребните компетенции за квалитетна настава и учење, како и соработка во планирањето активности за развивање на компетенциите, и проценка на ефектите од професионалниот развој. Согласно законските и подзаконските акти, наставниците/стручните соработници имаат право и обврска професионално да се усовршуваат и право да напредуваат во кариерата. Училиштето треба да создаде услови за нивниот професионален развој од што придобивки ќе имаат и тие и училиштето, а пред сè, учениците.
- Процесот на планирањето, имплементацијата и евалвацијата на активностите за професионален развој како дел од годишната програма на училиштето, главно, дава придонес во следните аспекти на професионалниот развој:
- Планирање:
- определување на потребите на учениците за учење по пат на анализирање на податоците;
- утврдување на знаењето и вештините на наставниците врз основа на потребите на учениците за учење;
- дефинирање конкретни активности за стекнување на нови знаења и вештини што им се потребни на наставниците.
- Спроведување на активностите од планот:

- следење на остварувањето на планот и неговото влијание врз наставната практика и постигањата на учениците;
- планирање решенија за да се надминат бариерите при спроведувањето на планираните активности.

Евалвација:

- дефинирање на очекуваните резултати и показателите/индикаторите за успехот;
- самооценување, анализа и размислување за ефектите од активностите за развој на наставниците кои ги
- постигнуваат со примена на дефинираните показатели;
- користење на резултатите од евалвацијата при планирањето на идните активности за професионален развој на наставниците и преземање активности во таа насока.

Професионалниот развој на наставниците овозможува наставниците да го постигнат во нивните училници следново:

- развивање сопствени знаења и вештини активно и искуствено (емпириски), во различни околини за учење како индивидуално така и колаборативно;
- вклучување различни стратегии за учење кои обезбедуваат директно поучување, дедуктивно заклучување (дедукција), дискусии, индукција и споделување;
- стремење кон вештините за размислување од повисок ред;
- обезбедување на автентична околина за учење за да можат наставниците да се вклучат во конкретни задачи со реални сценарија;
- нагласување на начините на кои технологијата може да го фасилитира - олеснува и засили професионалниот живот на наставниците
- охрабрување на наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации);
- развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи – дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно;
- развивање сензитивност (осетливост) за различностите на наставниците како ученици, користејќи повеќе апстрактен пристап како одговор на различните стилови на учење, можностите, опкружувањето и почетните позиции;
- овозможување учење независно од времето и местото;

- Професионалниот развој ќе ги вклучи следните основи – фундаментални компоненти за кои истражувањата покажале дека се основни – есенцијални, меѓу нив се:
- Директно поврзување со она што го учат учениците. Целта на програмата за професионален развој е да са зголемат – подобрат постигнувањата на учениците;
- Практична употреба на технологијата - развивање на суштинските, технолошки компетенции и вештини споменати претходно и вистинска примена на тие вештини во училниците;
- Наставниците да направат поврзување на директните врски помеѓу технологијата и курикулумот за кои што наставниците се одговорни при реализацијата;
- Нови улоги на наставниците, како фасилитатори и водачи наместо само како предавачи и инструктори;
- Активна партиципација на наставниците и колегијално учење;
- Професионалниот развој како континуиран процес;

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги искажува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Континуираното образование односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Наставничката професија е една од оние во која воочливо доаѓа до израз потребата од следењето на новините и трендовите, со цел да се излезе во пресрет на потребите на учениците и постојаните промени во општеството.

Училиштето редовно организира екстерни и интерни обуки во училиштето и ги упатува наставниците и стручните соработници да ги следат тие обуките, семинарите и сл., најчесто организирани МОН, БРО и други стручни и лиценцирани организации за организирање и спроведување на истите. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршеа дисеминации од обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат наставниците кои не биле на истите.

20.2. Активности за професионален развој

Според Законот за наставници во основното и средното образование, наставниците се должни континуирано да се усовршуваат и ги подобруваат своите компетенции. Активностите на Тимот за професионален развој за учебната 2025/2026 година опфаќаат:

· Идентификување на индивидуалните потреби за стручно усовршување и планирање на личниот професионален развој;
· Изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој:
· Обуки од секаков облик поврзани со воспитно – образовниот процес;
· Семинари (во училиштето и надвор од него);
· Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците од секојдневното работење со учениците;
· Планирање на задолжителна дисеминација
· Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој;

Тимот за професионален развој во согласност со предвидената динамика на Акцискиот план, во текот на учебната 2025/2026година, ги спроведе следните активности:

- Членовите на Тимот за професионален развој, учествуваа во Тестирањето на дигиталната алатка за изработка на ЛППР

- Месец август/септември – Тимот за професионален развој ги разгледа извештаите на наставниците за личниот професионален развој и ја утврди состојбата на реализираниот професионален развој, т.е. утврди колку од личните планови на наставниците се реализирани целосно, делумно или не се реализирани.

септември Наставниците Мирослава Павлова Аневска и Тања Јосимовска поминаа обука за Користење на Дигиталната алатка за изработка на ЛППР и одржана е обука в оучилиштето за наставниците на 09.09.2025год.

- месец септември: Тимот за професионален развој по одржаната обука побара од наставниците да изработат лични професионални планови на алатката и истите да ги предадат во печатена форма на тимот

- – Тимот за професионален развој ги прибра податоците и ги анализираше личните планови за професионален развој поднесени од наставниците. се дополни и изготви соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален разво јн анаставнио ткада

- месец септември/октомври – Тимот за професионален развој изработи Г-форма за евидентирање и водење база на податоци за посетени внатрешни и надворешни семинари, обуки, трибини, пане лдискусии, конференцииодстранананаставниците

- во текот на првото полугодие наставниците интензивно следеа надворешни и интерни обуки

· месец јануари: Одржана е обука за изработка на Извешта јза реализација на ЛППР на дигиталната алатка од страна на Тимот за професионален развој.

Нововработените наставници беа запознати со обврските за изработка на ЛППР како и за развојот на своите компетенции преку интерната обука „Изработкана ЛППР и Извештај за релизација на планот за професионален развој “. Исто така беа одржани интерни обуки на теми: **„Примена на современи наставни стратегии, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на настава“ , „Справување со насилство и дискриминација“, „Комуникација и соработка со семејството“, „Инклузивност и изработка на ИОП“ и „Вештачката интелигенција во наставата“.** Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество, Како да привлечете идни ученици,Обука за пристап и користење на националната платформа-Nastava.mk.

Надворешни обуки кои беа следени се: Generative AI in Education - Вештачка интелигенција во наставата, Презентација на учебник по англиски јазик за 5 одд., Супер учење за супер деца, Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество, AI - Помошник во училницата, Моќта на вешташтачката интелегенција-Интерактивни лекции со CURIPOD, Голем одмор за наставници : технички за ментален и телесен баланс"Моќта на вештачката интелегенција, Како да привлечете идни ученици:промоција и маркетинг за наставници и училишта“,Финансиска училница,Голем одмор за наставници,Гејмификација-користење на игри за развој на креативност и критичко размислување“, Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко , Национална платформа за дигитални учебници, Соработка во инклузивно образование, "Homework That’s Actually Fun Thanks to, Online Practice ", Општествено хуманитарна работа -генерација седмо одделение, Inclusion and disabilities in and through sport project, Соработка во инклузивното образование

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на личниот план за професионален развој. Секој наставник своите вештини ги развиваше преку

следење на обуки организирани од МОН и БРО, обуки, работилници и сл. од други институции и здруженија, а кои се од нивен интерес, семинари, конференции и сл., но исто така и нивната примена. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери (понудувачи) на вакви обуки и нивниот облик не е претходно најавен, не може однапред да се планира, па затоа истите се приморани тоа да го прават тековно, преку целата учебна година.

20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реалиација на наставата се реализираа на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени и нагледни часови. Воедно сите дисеминации од посетените обуки, семинари, конференции и сл. допринесуваат кон стекнатото знаење и вештини. Акцентот беше насочен кон унапредување на тимската работа, каде наставниците имаа можност секојдневното искуство меѓу себе да го споделуваат.

Главен акцент оваа година се постави на следење на обуките акредитирани од БРО и МОН, но исто така и нивната имплементација. Исто така присутна е и размената на професионално искуство преку одржување интерни обуки од Тимовите во училиштето како и интеграција на повеќе предмети. Ефектот од овие видови на професионалне развој се следи од страна на стручната и раковидната служба на училиштето.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето го поддржува кариерниот развој на наставниците и стручните соработници бидејќи на тој начин всушност се подобрува и квалитетот на наставата и работата на училиштето воопшто. Процесот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници се одвива во три дела: приправнички период, период на самостојна работа на наставникот/стручниот соработник, наставник/стручен соработник ментор, наставник/стручен соработник-советник. Воспитно образовниот кадар е запознат со:

- основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот;
- професионалните стандарди за наставникот ментор;
- професионалните стандарди за наставникот советник;

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Партиципацијата на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остварува на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираа како претставници во Училишниот одбор. Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Преку Советот на родители се вклучени повеќе активности од кои посебно внимание се посвети на следните:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Грижа за здравјето на учениците и создавање оптимални услови за престојот на учениците во училиштето;
- Грижа за естетскиот изглед на училиштето;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Во училиштето се организираат редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваа со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година се одржаа три редовни родителски средби.. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваа во организација на забави, работилници, предавања, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интереси.

Секој наставник во првото полугодие достави термин во кој ќе може да се види и да го информира родителот за успехот и дисциплината по предметот кој го предава.

Покрај овие термини за прием на родителот со цел за разговор, соработка за унапредување на воспитно образовниот процес, училиштето организираше и отворен ден за родители секој последен четврток од крајот на

месецот со што им се дава можност на родителите посебно да продискутираат со наставниците за успехот и поведението на учениците а преку тоа да бидат во тек со напредокот на ученикот.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење

Родителите постојано и на редовните родителски средби, се информираа за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваа јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, над десет или повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваа на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаа учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаа активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектите: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“, „Безбедна училишна средина“.

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваа во организизација на разновидни средби, прослави, натпревари, работилници, предавања, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр. „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираа предавања

користејќи ги своите знаења и вештини од разни области - професионални знаења или воннаставни едукации пренесувајќи ги истите знаења на учениците , а во тимска работа со наставниците .

- Во II-5 одделение, д-р Сања Цилевска Младеновска, специјалист педијатар, мајка на ученик од нашето одделение, одржа предавање на тема: Како да растеме големи, здрави и силни. Учениците со голем интерес го следеа предавањето, а поставија и повеќе прашањаза здравјето и болестите. Поблиску се запознаа со професијата доктор, научија дека постојат доктори кои се специјализирани за различни области, кои лекуваат различни делови на телото.Децата ја слушаа срцевата акција со стетоскоп, се запознаа со мерењата кои се прават со пулсоксиметар, дознаа како се мери крвен притисок кај деца.

- Успешна соработка се реализира со родителот Боби Ѓорѓиевски, кој на учениците од IV-1 им овозможи одблиску да запознаат неколку инструменти за мерење температура, притисок и влажност. Учениците имаа можност да дознаат како се користат инструментите, да поставуваат прашања и преку практични примери полесно да ја разберат наставната содржина. Активноста беше интересна, едукативна и поттикна љубопитност и активно учење кај учениците**.**

- Учениците од петто одделение учествуваа на едукативна работилница организирана од Боренка – волонтерска иницијатива за пошумување на опожарени подрачја во организација на ЈП Национални шуми и Сојузот на извидници на Македонија.Преку интересни активности учениците научија како правилно да ја чуваат животната средина , зошто се важни шумите и како можат да помогнат во спречување на шумските пожари . Едукација, свесност и грижа за природата – чекор по чекор кон позелена иднина!

- Во рамките на редовен час по природни науки на тема: Грижа за здравје во III-6 одделение гостин во одделението беше експерт за храна Митко Андоновски (родител) кој одржа прекрасно предавање за значењето и придобивките од конзумирање на здрава храна.Ги вклучи учениците во активности низ блиц квиз прашања со алтернативни одговори. На крајот им подели по една свежа салата со мешан зеленчук,спакувана во стерилни кутии. Учениците беа многу среќни и задоволни, се стекнаа со нови знаења кои ќе им помогнат во понатамошното практицирање на здрава и свежа храна.

- Учениците од II-5 одделение имаа предавање за важноста на медот , кое го одржа г-ѓа Гордана Медарска. Децата научија како се добива мед: како пчелите го создаваат од цветовите, го складираат во пчелните кошници, како потоа се преработуваат медните рамки од кошниците, со што медот станува достапен за конзумирање како еден од најхранливите и најздрави продукти. Учениците со внимание и свои прашања учествуваа во ова интересно, интерактивно предавање за пчеларството.

- Во I-2 одделение беше реализиран едукативен час од страна на родителот Диме Меловски , Македонско Билошко Друштво, со цел запознавање на учениците со Балканскиот рис – една од најзагрозените и најретки животински видови во Македонија.Родителот одржа интересна и прилагодена презентација за учениците, при што ги запозна со тоа какво животно е рисот, неговите карактеристики, начинот на живот и неговата улога во екосистемот. Посебен акцент беше ставен на распределбата на Балканскиот рис во Македонија, со објаснување каде најчесто се среќава и кои природни живралишта ги претпочита.Учениците се запознаа со начинот на кој истражувачите го следат рисот – преку фотозамки, траги, GPS-следење и други методи, што кај учениците разбуди големо интересирање и многу прашања. На крајот од часот , како практичен и забавен дел, родителот подели интересна сложувалка боенка со слика од рис, која учениците со задоволство ја составуваа . Активноста придонесе за развивање на нивната концентрација, соработка и поттикна интерес за зачувување на дивиот свет.

- Во рамките на платформата Денови на психологијата, гостин во нашето одделение II-5 беше родител Мирјана Цветковиќ, психолог, која со учениците одржа работилница на тема "Јас сум супер другар/ка". За време на посетата со учениците разговаравме за пријатните и непријатните емоции кои може да произлезат при другарувањето и вежбаа ситуации на позитивно другарување и зајакнување на асертивно однесување. Тие се навистина вешти и успешни при другарувањето!

- Реализиравме прекрасна соработка со родителите Татјана Наумовска и Ана Јорданова, кои одржаа едукативно предавање на тема „Како да препознаеме лажни вести на интернет“. Учениците имаа можност да научат кои се најчестите знаци на недоверливи информации, како правилно да проверуваат извори и колку е важно критички да размислуваат пред да поверуваат или споделат нешто што ќе го видат онлајн. Преку конкретни примери и интерактивна дискусија, тие добија практични насоки за побезбедно и одговорно користење на интернетот.

- Во трето одделение се одржа музичка работилница организирана од Maaike Fekkes, координаторка на Fontys Academy of the Arts – Fontys University. Работилницата ја реализираа Kaato Breedveld и Hilde Jonkers, студенти на Фонтис Академијата за Уметност од Тилбург, Холандија. Учениците имаа можност да истражуваат различни движења со различен ритам – плескање со дланки, тропање, вртење – како и да користат музички инструменти. Низ игра, движење и активно учество, тие беа целосно вклучени и со голем интерес ја следеа активноста.Работилницата беше навистина интересно и забавно искуство, а учениците со нетрпение очекуваат нови знаења, вештини и навики.

- Од месецот на штедење во месецот на осигурување По тој повод, во рамките на активноста „Соработка со родител“, во I-2 и IV-2 одделение, мајката на Лара и Ина – Сања Илиевска, заедно со нејзина колешка од НЛБ банка, им ја пренесоа на учениците важноста на банката и нејзината улога во животот на луѓето – од најмалите до најголемите.Преку интересна приказна, децата дознаа како се штеди, што значи осигурување и зошто е важно да се грижиме за нашата иднина. Учениците добија и мал подарок, а во него нацртаа и напишаа за што би штеделе пари и што би осигурале, изразувајќи го своето разбирање на темата на креативен начин.

- Учениците од I-1 одделение го одбележаа Светскиот ден на штедење преку едукативна видео-приказна, преку која научија што значи да се штеди и како со штедење можат да ги исполнат своите најголеми желби. Голема благодарност до родителот Стојанчо Јосифоски за неговото учество и поддршка во активноста!

- По повод Месецот на штедење, а во рамките на акцијата „Месец на штедење со ПроКредит Банка“, на учениците од II-5 одделение ги посетија претставници од ПроКредит Банка, меѓу кои и родителот Емилија Глигоров, вработена во банката. Целта на оваа посета беше да ги поттикнат учениците да штедат и да споделат различни начини и идеи за штедење. Учениците активно учествуваа во работилницата, ги споделија своите искуства, изнесоа креативни предлози и изработија цртежи на тема „Штедиме и правиме добри дела“. На крајот добија и убави подароци.

- Со цел да се збогатат и надополнат знаењата на учениците по предметот Историја и општество, на 16 и 17 октомври во активот на IV одделение беше организирана едукативна посета од родителот Христина Стоименова, која по струка е адвокат. Таа на интересен и разбирлив начин им го доближи на учениците значењето на негативните појави мито, корупција и непотизам, нагласувајќи дека истите се казниви според закон.Учениците научија дека иако овие појави постоеле и постојат, иднината зависи од нивната чесност, праведност и правилно однесување.

- Голема благодарност до родителот Христина Стоименова за соработката и придонесот во воспитно-образовниот процес ООУ „Лазо Ангеловски“ во соработка со Бирото за развој на образованието и НВО САНО спроведе ученичка обука на тема: „Сите сме тука, заедно – Развивање на емпатија, пријателство и поддршка за ученици кои се на лекување во здравствени установи или на домашно лекување“. Учениците разговараа за значењето на пријателството, грижата и разбирањето кон соучениците кои се на лекување и споделија идеи како сите заедно можат да понудат поддршка и охрабрување.

Во донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваа во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработија програми за реализирање на содржините и активностите.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање со нивни предлози и сугестии за донесувањето на одлуки.

Во воннаставни активности во училиштето

Родителите имаа активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и сл.

Изразуваме искрена благодарност до родителката д-р Јадранка Дуца за донацијата на едукативни книги, со кои значително се збогатува фондот на училишната библиотека. Овие книги ќе имаат голема практична примена во воспитно-образовната работа со учениците од различна возраст, помагајќи им полесно да се справуваат со секојдневните предизвици и да ги развиваат своите лични и социјални вештини.

Нашиот Новогодишен базар помина во прекрасна празнична атмосфера а ,за успешна реализација најзаслужни беа родителите кои помогнаа во изработка на домашни ракотворби или прехрамбени производи.

Со многу насмевки, детска радост и креативност, учениците , наставницитеи родителите покажаа колку заедно можеме да создадеме вистинска новогодишна магија.

Голема благодарност до родителите и сите посетители за поддршката, позитивната енергија и топлите зборови. Со вакви заеднички активности ја јакнеме соработката, хуманоста и празничниот дух во нашето училиште.

Советот на родители

Советот на родители во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година работеше континуирано и на него се разгледуваа следните тековни прашања.

1 .Запознавање со Годишната програма за работа на Советот на родители.

2. Дефинирање на проекти кои треба да се спроведат од страна на Советот на родители во првото полугодие.

3. Запознавање на Совет на родители за спроведени јавни набавки (екскурзии, осигурување, ужина, топол оброк)

4 Запознавање на Членовите на Совет на родители со успехот во првото тромесечие.

5.Извештај од организираните екскурзии.

6.Извештај за реализација на проектите.

7. Запознавање на Членовите на Совет на родители со успехот на полугодие и тековни работи.

8.Дефинирање на проекти кои треба да се спроведат од стана на Советот на родители во второто полугодие

И во второто полугодие Советот на родители ќе продолжи да работи според својата програма за работа и ќе учествува во планираните заеднички активности на училиштето

РАБОТА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР

Според Законот за Основно образование и Статутот на училиштето, во ООУ„Лазо Ангеловски - Аеродром-Скопје,“ е конституиран Училишниот одбор кој е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

Претседател на Училишниот одбор е Јасмина Боримечковска, претставник од Совет на родители во ООУ „Лазо Ангеловски’’- Аеродром-Скопје“.

Врз основа на новиот Закон за Основно образование донесен во текот на учебната 2021/2022 година, на седниците на Училишниот одбор, се поканууваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент.

Училишниот одбор како највисок орган на управување функционира според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваат од потребите во функција на квалитетна организација на работата на училиштето и тоа:

* Предлага Годишна програма за работа на училиштето за тековната година;
* Усвојува Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето;
  Усвојува извештај за самоевалуација на училиштето;
* Донесува програма за развој на училиштето;
* Донесува програма за воведување на повисоки стандарди за работата на училиштето;
* Предлага финансиски план;
* Предлага годишна програма за јавна набавка;
* Предлага Финансиски план и Завршна сметка до основачот;
* Планира и донесува одлуки за набавка на основни средства;
* Дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
* Го следи успехот на учениците;
* Утврдува мерки за подобрување на условите за работа во училиштето;
* Одлучува по жалби на вработени, ученици и родители;
* Решава за потребни мерки на безбедност на училиштето;
* Се вклучува во Патрониот празник на училиштето;
* Соработува со Советот на родители;
* Избира постојани и привремени комисии;

* Разгледува други прашања утврдени со Статутот на училиштето;

Освен наведените активности Училишниот одбор врши и други работи утврдени со Законот. Заклучоците кои се донесуваат на состаноците, јавно се истакнуваа на огласна табла, со цел да се покаже јавност и транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подигање и развивање на педагошката култура на родителите кое се врши преку организирање на стручни презентации и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.

Психологот и понатаму вршееееше советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) ќе се одвива и од страна на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

Процесот на едукација на родителите/ старателите во првото полугодие од учебната 2025/2026 година се реализира преку одржување на работилници и предавања за родители.

- Успешно одржаната работилница за родители и деца од 7-1одделение. Преку заедничка креативна работа, учениците изработуваа природни глицерински сапуни и ароматизирана сол, вложувајќи многу љубов, труд и тимски дух оставија свој печат на производите. Децата и родителите рамноправно учествуваа во секој чекор – од првичната идеја, преку креативниот процес, па сè до финалната реализација. Благодарение на нивниот ентузијазам и посветеност, сè беше убаво, хармонично и беспрекорно. Оваа работилница уште еднаш покажа колку се вредни заедничките моменти, учењето преку игра и создавањето спомени што остануваат
- ООУ „Лазо Ангеловски” во соработка со Институт Алтернатива, повторно организираше шест бесплатни работилници за родители и деца на возраст од 10 до 14 години, кои се организираа во нашето училиште секој ВТОРНИК од 17.30 до 19.30ч.
  Ова е одлична можност за стекнување повеќе вештини околу:
  -Градење позитивни односи
  -Справување со стрес
  -Разговор за емоции и други теми
  -„Превенција од насилно однесување во училиштето“

И во второто полугоди ќе продолжи да се реализиара програмата за родители и ученици FLORISH.

Изработка на брошура за родители

Училиштето изработи брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за оваа учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај месното население.

Училиштето со локаланта самоуправасоработуваше преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини.Како поважни настани преку кои соработувавме со локаната средина ќе ги споменеме :

- Благодарение на поддршката од Општина Аеродром, учениците од четврто одделение добија таблети алатки што ќе ги водат кон знаење, креативност и самоувереност.

Учиме со допир

Истражуваме со љубопитност

Создаваме со дигитална слобода

Веруваме дека секое дете заслужува можност да расте со современи технологии и поддршка. Оваа донација не е само техничка опрема — таа е инвестиција во иднината на нашите ученици.

Голема благодарност до Општина Аеродром што стои зад секој наш чекор напред.

Заедно градиме училиште што инспирира!

- Европска недела на мобилност по 10 пат во Аеродром!

Нашите најмали жителисо насмевки и енергија ги наполнија парковите и патеките.

Секој чекор и секое вртење на педалите = подобра иднина.

Се движиме за себе, за Аеродром и за Скопје!

- Учениците од IV одделение при ООУ „Лазо Ангеловски“ ја посетија Општината, каде што одблизу се запознаа со работата на локалната самоуправа.

Градоначалникот љубезно ги пречека и накратко им објасни кои се неговите надлежности и на кои начини општината се грижи за своите граѓани. Учениците поставуваа прашања, споделуваа свои идеи и покажаа голем интерес за оваа тема.

- Општина Аеродром (локална самоуправа,бизнис заедница,месното население) организира Хуманитарна предновогодишна забава во Capitol Mall! на која учествуваа и наши ученици а исто така како дел од публиката се забавуваа многумина од месното население меѓу кои и нашите ученици ,родители и наставници. Настанот беше од хуманитарен карактер и има за цел да донесе радост и да придонесе за подобро секојдневие на децата, преку собирање средства за дечињата со атипичен развој од здружението „Ареола“- Аеродром.
- Учениците од III-3 и V/2 одделение ја посетија Владата на Република Северна Македонија.

Учениците беа пречекани и спроведени до Свечената сала, каде што им се обратија советникот за култура и советникот за млади. Потоа ја посетија Старата и Новата сала за седници, Медија центарот и холот кај Премиерот.

Пред платото на Владата, учениците имаа можност да го проследат свечениот чин – промена на државното знаме пред јарболите, изведен од свечената гарда со фанфари. На учениците им се обрати и претставник од Гардата, кој им го доближи значењето на оваа церемонија.

Оваа посета, во пресрет на големиот празник 11 Октомври – Денот на народното востание, беше можност учениците да ја продлабочат љубовта и почитта кон својата татковина.

- Учениците од II, IV и V одд. уживаа во специјален новогодишен театарски, едукативен и интерактивен настан „Дедо Мраз дојде со воз“.

Посета на музејската поставка на Македонски железници, театарска претстава, дочек на Дедо Мраз, возење со воз, дружење, песна, радост и новогодишни пакетчиња — незаборавно искуство исполнето со насмевки и празнична магија!

- Учениците од I-2 одделение го посетија „Чоколенд“ во Виница.

Таму се запознаа со начинот на кој оваа слатка фабрика ги изработува колачите, чоколадите и другите неодоливи слатки производи.

Учениците имаа можност и самите да подготват чоколадни мафини, а вистинска ѕвезда на денот беше чоколадната фонтана, која беше најслаткиот помошник.

- Учениците од III-3 одделение реализираа едукативна посета на фабриката за здрава храна „Виталиа“ во Скопје.

Учениците се запознаа со организацијата, производството и дистрибуцијата на производите на „Виталиа“. Присуствуваа на едукативно предавање од нутриционист, кој им објасни за значењето и придобивките од консумирањето здрави и функционални продукти. Потоа следеше и прошетка низ производните погони, каде технолог за контрола на квалитет им го презентираше процесот на производство.

На крај, учениците ја посетија и административната зграда, каде добија пакетчиња со производи на „Виталиа“.

Учениците уживаа во посетата, стекнаа нови знаења и увид во тоа како се произведува здрава храна.

- По повод Светски ден на штедењето учениците од I-3 и V-2 одделение денес беа во посета на Халк банка, каде што преку дружење и разговори научија колку е важно да се штеди и мудро да се управува со парите.

Со оваа интересна посета го одбележавме Светскиот ден на штедењето!

- Во рамките на наставната програма по Природни науки за IV одделение,, учениците реализираа едукативна посета на Управата за хидрометеоролошки работи.

Посетата им овозможи поблиску да се запознаат со начинот на мерење и предвидување на временските појави, како и со мерните инструменти што се користат при тоа.

Институции од областа на културата

Во планирањата на наставниците се вклучени организирани посети на: Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет,природно научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеи и други знаменитости.

Во ова полугодие се реализираа следните посети :

- Учениците од I до V одделение од ООУ „Лазо Ангеловски“ присуствуваа на одбележувањето на 55-тиот роденден на детскиот музички фестивал „Златно славејче“. Тие уживаа во песните, музиката и веселата атмосфера, чувствувајќи се како дел од долгата и богата традиција на овој омилен детски фестивал.

Настанот беше исполнет со радост, насмевки и моменти што долго ќе ги паметат. Учениците се вратија дома полни со впечатоци, инспирација и убави емоции.

- **У**чениците од петто одделение уживаа во музичката приказна „Петре и волкот“ во Македонската филхармонија.
  Магично доживување со оркестар и наратор
- Посета на детската претстава доживувањата на ,,Куферко”

Институции од областа на образованието

И ова полугодие тековно се соработуваше со училиштата од нашата општина како и предучилишните установи, по потреба ќе се соработува со останатите основни училишта,со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, ОУРЦС „Д-р Златан Сремец“, „Димитар Влахов“, државни универзитети и други институции од оваа област преку разни состаноци, трибини, обуки и семинари.

- Наставниците и стручните соработници континуирано сорабоотуваа со МОН,БРО ДПИ и ги почитуваа и следеа новините кои тие ги изготвуваа во насоки за подобрување на воспитно образовниот процес.Земаа учество на многу семинари,вебибинари и дебати организирани од страна на овие институции
- .Неминовна е заедничката соработка со другите основни училишта ,средни училишта и градинките одбележувајќи заеднички настани, посети на патронати,заеднички споделување на искуства од областа на образовните новини.
- Учениците од IV одделение од ООУ „Лазо Анѓеловски“ – Скопје ја посетија Ботаничката градина при ПМФ.

За време на посетата, тие се запознаа со различни видови растенија и нивните особености. Во стаклената градина набљудуваа егзотични растенија, научија повеќе за нивната намена и начинот на растење.

Понатаму, учениците ја посетија и лабораторијата, каде што со помош на микроскоп разгледуваа растителни делови и се запознаа со основните лабораториски набљудувања.

Посетата беше едукативна, интересна и успешно реализирана

Невладини организации

Училиштето континуирано изминативе години води соработка со неколку невладини институции. Оваа година соработката ја продолжи со истите а по потреба и со други организации.Соработка со НВО Step by step,Отворете ги прозорците, НВО ПОРАКА, Аеродром; НВО Lions club; ПАКОМАК, СМАРТАП, Меѓаши, Песталоци фондација и други организации доколку се јави потреба за соработка со нив.

- Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година ООУ „Лазо Ангеловски“ стана едно од првите училишта во земјава со паметен систем за следење и управување со потрошувачката на енергија

Овој систем овозможува во реално време да се следи потрошувачката, да се намалат загубите и да се штедат ресурси Проектот е резултат на партнерство меѓу Општина Аеродром, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Македонски Телеком

Најважно е тоа што децата учат дека рационалното користење на енергијата е секојдневна обврска на сите нас

- Едукативна посета на VIII-1 во „Кроација животно осигурување“

Учениците од VIII-1 денес учествуваа на едукативна посета во „Кроација животно осигурување“, каде што се запознаа со значењето на штедењето, финансиската одговорност и планирањето на личниот буџет.

Посетата беше интерактивна и исполнета со практични совети за тоа како да се управува со финансии на одговорен и паметен начин.

- Поставени се фотоволтаични панели кои ќе овозможат пониска потрошувачка, поголема ефикасност и чиста иднина за сите со подршка на Кроација осигурување Скопје.

Училиштето соработуваше и со следниве:

Спортски друштва

- Федерација на училишен спорт на Македонија
- Федерација на училишен спорт на град Скопје
- Училишен спортски клуб ООУ„Лазо Ангеловски”

Здравствени организации

- ➢ Поликлиника Јане Сандански
- ➢ Завод за ментално здравје Скопје
- ➢ Завод за јавно здравје
- ➢ Завод за говор, слух и глас, осигурителна компанија која ќе биде избрана на тендер.

Други институции, установи и организации

- Комисија за проценка од стручно тело по МКФ;
- Национална агенција за развој на европски образовни програми и мобилност;

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

За сопствена афирмација училиштето соработуваше со најразлични видови на медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа беа објавувани на веб страната на Општина Аеродром , како и други дневни и неделни печатени медиуми. Соработувавме и со телевизиските куќи во областа на емисиите од образовен карактер. А исто така јавноста континуирано беше информирана за случувањата преку веб-страната на училиштето https://oulazoangelovski.edu.mk/ како и фејсбук и инстаграм профилите.

Нашето училиште има свој училишен дигитален весник: Л.А. ИН- форматот https://lainformator.wordpress.com/ кој е креиран и едитиран од учениците членови на Медиумската група. Главната цел на проектот и на самиот е-весник е развивање на медиумската писменост на учениците и наставниците на продуктивен начин преку публикување на дигитален училишен весник и креирање на работилници за медиумска писменост. Истовремено училишниот е-весник има свој профил на социјалната мрежа Инстаграм https://www.instagram.com/in_formator_la/ .Носители на активностите се одделенските раководители, одговорните наставници на стручните активи и генерации, стручните соработници и раководната служба.

24.Заклучок

Во изготвувањето на ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ учествуваа сите структури во училиштето. Преку извештаите за реализираните активности на стручните активи, тимови, комисии, организации, стручни соработници, раководнатса служба, членовите на Училишниот одбор, административно-техничката служба, Советот на родители и Ученичкиот парламент се доби целосна слика за работата и активностите во текот на првото полугодие на ООУ„Лазо Ангеловски„. Познавајќи ги нашите човечки и материјални ресурси, очекуваме Годишната програма за работа на училиштето за оваа учебна година да биде целосно и успешно реализирана, да добиеме нови позитивни

искуства кои би ги применувале во иднината, а сите нереализирани да тежнееме да ги реализираме или пак да најдеме поинакви начини за реализација.

Успешноста на работата во училиштето и имплементирањето на програмите во целокупната работа се темели на тимската работа и исполнување на работните обврски од страна на вработените и тоа е она што првенствено се трудиме да го одржиме на високо ниво. Исто така во наредниот период ќе се насочиме посебно на приоритетните подрачја на промени, кои се дел од Развојната програма на училиштето и Годишната програма за работа на училиштето и се реализираат според краткорочните цели кои се дадени во планот. Тоа е заедничка обврска и должност на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес како внатрешни или надворешни партиципиенти во зависност од нивната улога со упорност, истрајност и меѓусебна соработка активно да учествуваат и влијаат на квалитетната реализација на поставените цели и задачи. Во второто полугодие ќе сме насочени на максимално искористување на сите ресурси со единствена цел е да обезбедува перманентно подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности и условите со кои се обезбедува целокупниот развој на учениците и севкупниот училишен живот.

Во извештајот се опфаќаат сите аспекти од работата на училиштето, а во остварувањето на задачите се вклучени сите наставници, стручни соработници, други вработени, учениците и родителите, како и надворешни соработници.

25. Комисија за изработка на Полугодишниот извештај за работа на основното училиште

м-р Магдалена Петреска - директор

м-р Тина Симиќ Ацковска -помошник директор

Иванка Николова –социолог

Јасмина Ѓуроска -педагог

Аделина Давидовска -психолог

м-р Магдалена Огненовска Јосева -социјален работник

м-р Елена Малческа-социјален работник

Искра Груевска- специјален едукатор и рехабилитатор

Директор
м-р Магдалена Петреска

_____

Претседател на училишен одбор
Марија Тричковска

_____

Скопје Јануари, 2026 година

ПРИЛОЗИ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

-Годишна извештај за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Извештаи за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Извештаи од стручните активи за реализација на вон - наставни активности, додатна настава, дополнителна настава , вонучилишни активности, ученички натпревари

-Извештаи од тимови за проекти што се реализираат во основното училиште

-извештаи од тим за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-извештај од тим за професионална ориентација на учениците

- извештај од тим за заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-извештај од тим следење и анализа на состојбите со оценувањето

-извештај за тим за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

- извештај од тим за самоевалуација на училиштето

-извештај од тим за заштита и спасување од елементарни непогоди

- извештај од тим за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето)

-извештај од тим за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот процес

-извештај за јавна и културна дејност на училиштето

-извештај за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште